ТТК БАНКА АД Бр. 2
Бр. 02-4608/2
03. 06. 2019 год.
СКОПЈЕ

**С Т А Т У Т**

**НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ**

**ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ**

Скопје, јуни 2019 година

Врз основа на член 3 од Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ТТК Банка АД Скопје бр.02-3270/2 од 31.03.2017 година донесена од Собранието на Банката на седницата одржана на ден 31.03.2017 година, Надзорниот одбор на Банката на ден 03.04.2017 година утврди Пречистен текст на Статутот на ТТК Банка АД Скопје кој го опфаќа: Статутот на ТТК Банка АД Скопје донесен на Собранието на Банката на 28.11.2006 година; Одлуката за измена на Статутот на ТТК Банка АД Скопје бр.02/05-01 од 07.12.2007 година; Одлуката за измена на Статутот на ТТК Банка АД Скопје бр.02/09-02 од 29.09.2009 година; Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ТТК Банка АД Скопје бр.02/11-01 од 29.04.2011 година; Одлуката за измена на Статутот на ТТК Банка АД Скопје бр.02/14-01 од 03.05.2012 година; Одлуката за измена на Статутот на ТТК Банка АД Скопје бр.02-2662/16 од 29.04.2013 година, Одлуката за измена на Статутот на ТТК Банка АД Скопје бр.02-4146/15 од 14.04.2016 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ТТК Банка АД Скопје бр.02-10895/2 од 31.10.2016 година Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ТТК Банка АД Скопје бр.02-3270/2 од 31.03.2017 година и Одлука за измени и дополнување на Статутот на ТТК БАНКА АД Скопје број 02- 4456 од 29.05.2019 година, во кои е означено времето на нивното влегување во сила.

# *ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА*
# *С Т А Т У Т*
# *на ТТК БАНКА АД Скопје*

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### *Член 1*

Со овој Статут се уредуваат:

- фирмата и седиштето на Банката;
- финансиски активности на Банката;
- вкупниот износ на акционерскиот капитал во моментот на регистрација кај надлежниот регистар;
- права, обврски и одговорности на акционерите, начин на стекнување и престанок на правата на акционерите;
- распределба на добивката, определување, оцена и управување со ризиците и издвојување на резерви од страна на банката;
- статусни измени и решавање на меѓусебните односи на акционерите, во случај на статусни измени;
- начин на решавање на спорови помеѓу акционерите;
- начин на престанување со работа на Банката;
- придржување до супервизорските стандарди;
- спречување на перење на пари и финансирање на тероризам;
- организација и работење;
- начин на управување со Банката и постапка за формирање на органите;
- постапка за именување и разрешување на членовите на органите на управување и други работници со посебни овластувања и нивните овластувања и одговорности;
- постапка за донесување и за изменување на Статутот на Банката и на други акти на Банката;
- банкарска тајна;
- информирање;
- други прашања во врска со работењето на Банката; и
- преодни и завршни одредби.

## ФИРМА И СЕДИШТЕ НА БАНКАТА

**Член 2**

Фирмата на Банката гласи: "ТТК БАНКА" АД Скопје.

Банката е правно лице со седиште во Скопје, ул.Народен Фронт, бр.19А.

Во правниот промет со странство Банката ќе настапува со латинично писмо со следниот назив : "TTK Bank" s.c. Skopje.

Фирмата и седиштето на Банката може да се менуваат со измена на овој статут, по претходно добиена согласност одНародна банка на Република Северна Македонија..

**Член 3**

Банката е носител на права, обврски и одговорности утврдени со важечките прописи и овој Статут.

Банката одговара за своите обврски со сиот свој имот.

**Член 4**

Банката во своето работење употребува печат, штембил и заштитен знак (жиг), кои ги содржат називот и седиштето на Банката.

Формата, големината и начинот на употреба на печатот и штембилот ги пропишува Управниот одбор на Банката.

**Член 5**

Банката има заштитен знак.

Изгледот - дизајнот, формата и големината на заштитниот знак се утврдуваат со Одлука на Надзорен одбор на Банката.

## ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ

**Член 6**

Банката е основана со спојување на Тетекс Кредитна банка АД Скопје и Тетовска банка АД Тетово

Банката е основана како акционерско друштво на неопределено време заради вршење работи утврдени со закон со кој се регулира работењето на банките.

Банката работи во рамките на деловната политика и развојниот план, кој е одобрен од страна на Надзорниот одбор, а усвоен од страна на Собранието на Банката.

**Член 7**

Банката може да работи во свое име и за своја сметка, во свое име и за сметка на други лица, и од име и за сметка на други лица.

**Член 8**

Банката може да ги врши следните финасиски активности:

1. прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
2. кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
3. кредитирање во странство вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
4. издавање и администрирање на платежни средства (парични картички , чекови, патнички чекови, меници);
5. финансиски лизинг;
6. менувачки работи;
7. платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
8. брз трансфер на пари;
9. издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
10. изнајмување сефови, остава и депо;

11. тргување со инструменти на пазарот на пари;
12. тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
13. тргување со хартии од вредност;
14. купопродажба, гарантирање или пласман на емисија на хартии од вредност;
15. чување на хартии од вредност за клиенти;
16. советување на правни лица во врска со структурата на капиталот, деловната стратегија или други поврзани прашања или давање услуги поврзани со спојување или припојување на правни лица;
17. продажба на полиси за осигурување;
18. посредување во склучување договори за кредити и заеми;
19. обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;
20. економско-финасиски консалтинг;
21. други финансиски активности утврдени со закон кои може да ги врши банка.

Други финансиски активности за кои е потребна посебна согласност од Народна банка или друг орган Банката ќе ги врши по претходно добивање на согласност.

Банката може да врши и други работи согласно Законот за банки доколку не е потребна претходна согласност од страна на Народна банка на Република Северна Македонија.

За вршење на финансиските активности Банката е должна да ја одржува вредноста на почетниот капитал во износ не помал од 310.000.000,00 денари.

За вршење на активностите од т.3,12,13 и 14 од овој член освен тргување со хартии од вредност во земјата, Банката е должна да ја одржува вредноста на сопствените средства во износ не помал од 560.000.000,00 денари.

## ПОЧЕТЕН КАПИТАЛ И АКЦИИ

### *Член 9*

Почетниот капитал (основната главнина) на Банката изнесува 907.888.000,00 денари и истата е поделена на 907.888 акции секоја со номинална вредност од 1.000,00 денари.

Изводот од акционерската книга е прилог на овој Статут.

### *Член 10*

Основната главнина на Банката може да се зголеми со:

- влогови;
- со условно зголемување на основната главнина;
- со одобрен капитал и
- од средствата на Банката.

Зголемување на основната главнина се врши со одлука на Собранието на Банката.

За зголемувањето на основната главнина на Банката, односно за нова емисија на акции и за промена на сопственичката структура на акциите со право на глас, Банката е должна да ја извести Народна банка на Република Северна Македонија, а за стекнувањето со акции со право на глас за кое е потребна претходна согласност одНародната банка на Република Северна Македонија, должна е таквата согласност да ја обезбеди.

### *Член 11*

Надзорниот одбор на Банката може најмногу за пет години по уписот на основањето на Банката, односно за пет години по уписот на Одлуката за измена на овај статут во трговскиот регистар, преку издавање на нови акции врз основа на влогови, да ја зголеми основната главнина до определен номинален износ (одобрен капитал), во согласност со закон.

Номиналниот износ на одобрениот капитал не може да ја надмине половината од основната главнина во времето кога е дадено овластувањето за условно зголемување на основната главнина.

Новите акции можат да се издадат само во согласност со Законот.

### Член 12

Зголемувањето на основната главнина со средства на Банката може да се изврши со издавање на нови акции.

### Член 13

Новите акции издадени во согласност со закон, овај Статут или одлуката на Собранието на Банката за зголемување на основната главнина на Банката, учествуваат во добивката за онаа година во која е извршено зголемувањето на основната главнина.

### Член 14

Основната главнина на Банката може да се намали, под услови и во случаи определени со закон.

Намалување на почетниот капитал на Банката се врши преку:

- намалување на номиналниот износ на акциите,
- спојување на акции, и
- повлекување на сопствени и на други акции.

Намалувањето на номиналниот износ на акциите, не може да изнесува повеќе од најмалиот номинален износ определен за основната главнина со закон.

Намалувањето на почетниот капитал се врши со Одлука што ја донесува Собранието на Банката. Одлуката за согласност се донесува со мнозинство не помало од 2/3 од акциите претставени на Собранието.

Почетниот капитал и сите натамошни зголемувања на почетниот капитал не може да се намалуваат преку враќање на уплатените влогови на акционерите.

### Член 15

Банката може да издава обични акции и приоритетни акции, што се утврдува со одлука на Собранието за издавање акции. Правата кои ги носат акциите ќе се утврдуваат согласно законската регулатива и одлуката за издавање на акции.

Банката може да издава и акции над номиналниот износ (емисиски износ).

### Член 16

Банката со измена на овај Статут може да изврши поделба на акциите и истовремено да го намали нивниот номинален износ, да изврши спојување на акциите и истовремено да го зголеми нивниот номинален износ, под услов износот на основната главнина да не се промени.

### Член 17

Секоја акција која дава право на глас дава право на еден глас во Собранието на Банката.

Секоја обична акција дава право на глас во Собранието на Банката.

### Член 18

Спрема Банката за акционер се смета секое лице запишано во акционерската книга на начин определен со закон.

Својство на акционер на Банката стекнува домашно и странско физичко и правно лице што стекнало акции во согласност со закон. Правата на акционерот се стекнуваат со денот на упис во акционерската книга, освен ако со закон поинаку не е определено.

### Член 19

Својство на акционер престанува со денот на бришење од акционерската книга на Банката.

**Член 20**

Акциите се запишуваат во акционерска книга на Банката која што се води во Централниот депозитар за хартии од вредност во електронска форма и во која се запишуваат податоците определени со закон, податоците што се определени во одлуката за издавање на акциите, сите оптоварувања на акциите определени со закон и со статутот и забраните изречени со одлука на судот.

Промените во акционерската книга се вршат според извршениот пренос на акции со тргување на берза или според преносот извршен на друг начин допуштен со закон.

Иницијалниот упис на акциите и уписот на акциите издадени при зголемување на основната главнина во акционерската книга се врши по налог на Банката.

**Член 20-а**

Банката, во согласност со закон и со овој Статут, може до износот на половина од основната главнина да издава конвертибилни обврзници кои на доверителите им даваат право да ги заменат за акции во одреден период на определена опција или во кое било време додека трае обврзницата и да издава обврзници кои обезбедуваат право на првенство на купување акции кои Банката ги издава.

Конвертибилните обврзници од став 1 на овој член се издаваат на начин и според постапката кои со овој статут се определени за издавање на акции.

Обврзниците се откупуваат во готови пари.

Акционерите имаат право на првенство при стекнувањето на конвертибилните обврзници и истото може да се користи по пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија . Одредбите на овој Статут што се однесуваат на правото на првенство за запишување на новоиздадени акции, соодветно се применуваат и врз остварување на правото на првенство за запишување на новоиздадени конвертибилни обврзници.

## ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА АКЦИОНЕРИТЕ

**Член 21**

Акционерот на Банката ги има сите права, обврски и одговорности, утврдени со законските и подзаконските прописи и со овој Статут.

Акционерот има право и обврска да управува со Банката.

**Член 22**

Акционерите на Банката ги имаат следните права:

- право на учество и одлучување во Собраниетс на Банката;
- право на информирање за работењето на Банката;
- право на дивиденда
- право на заштита на правата од акционерство пред судовите и други органи и институции
- и други права утврдени со законските и позаконските прописи

**Член 23**

Акционерите одговараат на Банката доколку:

- ја злоупотребат Банката како правно лице за да постигнат цели што се забранети;
- ја злоупотребат Банката за да им нанесат штета на нејзините доверители;
- спротивно на закон располагаат со имотот на Банката;
- спротивно на закон јавно ги објавуваат или презентираат податоците до кои дошле остварувајќи го правото на информирање;
- во други случаи утврдени со закон.

## ТРГОВСКИ КНИГИ, ГОДИШНА СМЕТКА, ФИНАНСИСКИ И ДРУГИ ИЗВЕШТАИ, РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА, ОПРЕДЕЛУВАЊЕ И ИЗДВОЈУВАЊЕ НА РЕЗЕРВИ

### *Член 24*

За своето работење Банката води трговски книги и составува годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај за работата во претходната деловна година во согласност со прописите за сметководство и сметководствени стандарди, и прописите за финансиско известување.

Надзорниот одбор ги одобрува Годишната сметка, Финансискиот извештај и Годишниот извештај за работа на Банката за претходната деловна година, согласно постојните законски и подзаконски прописи и истите ги доставува до Собранието на Банката.

Податоците од став 1 на овој член се јавни и истите се достапни на сите лица во согласност со постојните прописи.

### *Член 24-а*

Врз основа на покажаните финансиски резултати, по усвојувањето на Годишната сметка и Финансискиот извештај и утврдување на постоење на добивка, Собранието на Банката одлучува за употребата и распоредувањето на остварената добивка за деловната година, за која се однесува Годишната сметка и Финансискиот извештај.

### *Член 24-б*

Добивката пред оданочувањето се утврдува кога од вкупните остварени приходи ќе се надоместат вкупните расходи од пресметковниот период.

Нето добивката – добивката по оданочувањето, се утврдува кога добивката пред оданочувањето ќе се намали за износот на даноците, придонесите и другите давачки од добивката.

### *Член 24-в*

За сите обврски Банката одговара со сите средства со кои располага.

Акционерите на Банката сносат ризик од работењето на Банката со средствата вложени во акционерскиот капитал на Банката

### *Член 25*

Нето добивката – остварена од работењето на Банката, врз основа на извршена проверка и одобрување на Предлог-одлуката за распределба на добивката од страна на Надзорниот одбор, со Одлука на Собранието на Банката се распределува на:

- дел за зголемување на основната главнина;
- дел за дивиденди на акционерите;
- дел од средства за резерви;
- дел за покривање на загуба од работењето од поранешните години;
- дел кој им припаѓа на члeновите на Надзорниот одбор, Управниот одбор и работниците со посебни овластувања и вработените;
- дел за евентуален пренос на добивката во наредната година;
- дел за други намени.

### *25-а*

Управниот одбор на Банката може во текот на деловната година врз основа на периодична сметка или периодични финансиски извештаи за трите, шесте, односно деветте месеци, ревидирани од страна на овластен ревизор да им исплати на акционерите аванс на име дивиденда, согласно закон.

Управниот одбор може да го исплати авансот на дивиденда само до износот на добивката којашто е остварена во периодот за којшто се исплаќа авансот на дивиденда, при што не може да ја надмине вкупната добивка остварена во претходната година одобрена со годишната сметка, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години и со резервите кои можат да се распределуваат за оваа цел, намалени за износите

коишто се издвојуваат за законските резерви и за резервите утврдени со договорот за друштвото, односно со статутот, за периодот за којшто се пресметува авансот на дивидендата, ако не се покриени загубите од претходните години, а тие од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи.

Одлуката за исплата на аванс на дивиденда се донесува едногласно од сите членови на Надзорниот одбор на Банката."

**Член 26**

Банката има задолжителна општа резерва како општ резервен фонд кој е формиран по пат на зафаќање на минимален износ од 5 % од нето добивката, се додека резервите на банката не достигнат износ којшто е еднаков на една десетина од основната главница.

Кога општата резерва ќе го надмине најмалиот износ утврден со закон и овој статут и по покривање на сите загуби, со одлука на Собранието вишокот може да се употреби за дополнување на дивидендата, ако таа за деловната година не го достигнала најмалиот износ пропишан со закон.

**Член 27**

Ако приходите на Банката по годишната пресметка не се доволни за покривање на вкупните расходи , Банката искажува загуба во работењето.

Покривањето на загубите се врши редоследно од следниве извори:

- акумулирана добивка
- на товар на задолжителната општа резерва
- на товар на посебните резерви за покривање загуби
- премии и
- на товар на основната главнина, со нејзино намалување.

Капиталот по овој основ не смее да падне под со закон утврдениот минимум.

Банката со одлука на Надзорниот одбор може да формира фондови за посебни намени.

**СУПЕРВИЗОРСКИ СТАНДАРДИ**

**Солвентност и адекватност на капиталот**

**Член 28**

Банката е должна да располага со адекватно ниво на сопствени средства во зависност од природата, видот и обемот на финансиските активности и висината на ризиците кои произлегуваат од извршувањето на тие активности (адекватност на капиталот).

Банката е должна да работи на начин кој ќе овозможи постојано да биде способна да ги исполни сите обврски (солвентност).

Банката ќе ја пресметува стапката на адекватност на капиталот согласно методологијата за пресметка на стапката на адекватност на капиталот пропишана од Советот на Народната банка.

Банката ќе ги одржува сопствените средства на ниво не помалку од износот на почетниот капитал пропишан со Законот за банките.

Банката ќе ги одржува следниве заштитни слоеви на капиталот: 1) заштитен слој за зачувување на капиталот; 2) противцикличен заштитен слој на капиталот; 3) заштитен слој на капиталот за системски значајни банки и 4) системски заштитен слој на капиталот.

**Ликвидност на Банката**

**Член 29**

Банката е должна да ја одржува ликвидноста, односно да управува со активата и пасивата на начин што ќе и овозможи намирување на пристигнатите обврски во секој момент.

Заради одржување на ликвидноста, Банката е должна да управува со ликвидносниот ризик, што треба да вклучи особено:

1) воспоставување и одржување на адекватна рочна структура;
2) планирање и управување со приливите и одливите на парични средства и обезбедување на адекватен износ на ликвидни средства;
3) следење на изворите на средства и нивната концентрација и
4) тестирање на ликвидноста.

**Управување со ризици**

***Член 30***

Банката е должна континуирано да управува со ризиците соодветно на природата, видот и обемот на финансиските активности што ги врши. Критериумите, начинот и методите на управување со ризиците, како и оцената на адекватноста на капиталот согласно со нејзиниот степен на ризичност, Банката е должна да ги пропише со општите акти и интерните процедури. Општите акти и интерните процедури треба да бидат во согласност со прописите, стандардите и правилата од областа на банкарството и методологијата пропишана од Советот на Народната банка.

Со општите акти и интерните процедури мора да бидат опфатени сите материјални ризици на кои е изложена Банката при вршењето на одделни и на сите видови финансиски активности, а особено следниве видови ризици:

1) ликвидносен ризик;
2) кредитен ризик, вклучувајќи и ризик на земјата и ризик на друга договорна страна;
3) ризик на каматни стапки од портфолио на банкарски активности, валутен ризик и пазарен ризик;
4) ризик од концентрација на изложеност на Банката и
5) оперативен ризик, вклучувајќи го и ризикот од неадекватност на информативните системи.

Банката е должна изложеноста на одделни видови ризици да ја одржува во рамките на лимитите пропишани со Законот за банките.

Банката за адекватно управување со ризиците ќе ги почитува методологиите пропишнани од Советот на Народната банка, и тоа:

1) методологија за управување со ризиците;
2) методологија за управување со кредитниот ризик и утврдување на критериуми за класификација на активните билансни и вонбилансни ставки според степенот на ризичност;
3) методологија за управување со валутниот ризик;
4) методологија за управување со ризик на каматни стапки од портфолио на банкарски активности;
5) методологија за управување со ликвидносниот ризик;
6) методологија за сигурноста на информативниот систем на банката;
7) методологија за управување со ризикот на задолженост, со која, меѓу другото, се уредува начинот на утврдување и следење на стапките за задолженост и
8) методологија за управување со други видови ризици со кои се соочува Банката.

За обезбедување од потенцијалните и/или настанатите загуби кои произлегуваат од конкретни ризични активни билансни и вонбилансни позиции, банката е должна да изврши исправка на вредноста, односно да издвои посебна резерва.

Исправката на вредноста и износот на посебната резерва се утврдуваат на начин и висина според методологија што ја пропишува Советот на Народната банка.

**Изложеност на Банката**

***Член 30-а***

Изложеноста кон лице ги опфаќа вкупните билансни и вонбилансни побарувања на Банката од тоа лице, вклучувајќи ги и вложувањата во хартии од вредност издадени од тоа лице, без оглед на целите за кои се стекнати хартиите од вредност.

Банката е должна изложеноста спрема лице и со него поврзани лица,да ја одржува во рамките на лимитите утврдени со законските прописи и актите на Банката.

Условите под кои се одобруваат кредити и сите други облици на изложеност се прибираат депозити и се вршат други финансиски активности, за подружница, акционер со квалификувано учество во Банката и со него поврзаните лица и лице со посебни права и одговорности, и со него поврзаните лица, при еднакво ниво на ризик утврден во согласност со супервизорските стандарди, не смеат да бидат поповолни од условите што се применуваат за другите комитенти на Банката.

Банката е должна начинот на кредитирање и постапката за регулирање на пристигнатите за наплата, а ненаплатени побарувања да ги усогласи со супервизорските стандарди пропишани и донесени врз основа на Законот за банките.

Банката не смее да одобри кредит или да воспостави друг облик на изложеност кој, директно или индиректно, ќе се искористи за купување на акции во Банката.

Банката не смее да одобри кредит или да воспостави друг облик на изложеност кон лице и со него поврзани лица со залог на акции издадени од Банката.

Банката не смее, директно или индиректно, да стекне повеќе од 5% од акциите на друга банка или небанкарска финансиска институција која поседува повеќе од 5% од вкупните акции на Банката.

**Сопствени акции на Банката**

***Член 30-б***

Банката може да се стекнува со сопствени акции и истите да ги отуѓува согласно условите утврдени во Законот за банките.

Банката може да стекнува сопствени акции со откуп, самата или преку лице кое дејствува од свое име, а за нејзина сметка, до 10% од номиналната вредност на вкупните акции на Банката, но износот на откупените акции не смее да го надмине износот на нераспределената добивка.

Правата стекнати од сопствените акции мируваат се до нивно отуѓување.

**Вложувања на Банката**

***Член 30-в***

Банката не смее да вложува и да се стекне со земјиште, згради и опрема кои не ги користи за извршување на финансиските активности, освен оние стекнати врз основа на ненаплатени побарувања.

**Отворена девизна позиција**

***Член 31***

Банката е должна да одржува отворена девизна позиција во согласност со методологијата за управување со валутниот ризик пропишана од Советот на Народната Банка.

**ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА**

***Член 32***

Банката е должна да ги осигурува денарските и девизни депозити, средствата на трансакциските сметки, депозитите врзани за парични картички и девизните приливи на физички лица, во Фондот за осигурување на депозити

## СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

### *Член 33*

Банката во своето работење ги презема сите дејствија и мерки за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам, и постапува согласно со прописите од областа на спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Организацијата и работите од претходниот став се извршуваат во согласност со законските прописи и другата домашна и меѓународна регулатива од оваа област.

## ИНФОРМАТИВНА СИГУРНОСТ

### *Член 33-а*

Банката е должна во своето работење да ги превзема сите дејствија и мерки за постигнување и постојано одржување на сигурноста на информативниот систем.

Организацијата и работите од претходниот став се извршуваат во согласност со прописите и интерните акти на Банката од оваа област.

## ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА БАНКАТА

### *Член 34*

Банката самостојно ги определува начинот и формата на внатрешно организирање поврзување на својата дејност, според условите на пазарот и остварување на добивката во согласност со важечките прописи, Одлуката за основање на Банката и овој Статут.

### *Член 35*

Работите од предметот на работењето на банката се вршат на ниво на Банката и деловите на Банката.

### *Член 36*

Банката своето работење го врши самостојно и преку своите организациони делови и организациони единици.

Како организациони делови се сметаат филијалите, експозитурите, подружниците, и шалтерите и претставништвата во странство.

Организационите делови освен подружницата немаат својство на правно лице.

Организационите делови на Банката се отвораат и затвораат со одлука на Надзорниот одбор на Банката.

Со одлуката за отворање поблиску се определуваат финансиските активности на организационите делови.

Во Централен регистар се запишуваат деловите на Банката согласно прописите за упис во Централен регистар.

### *Член 36-а*

Филијалите, експозитурите и шалтерите се организациони делови на Банката кои немаат својство на правно лице и кои директно ги извршуваат сите или дел од активностите кои ги врши Банката.

Во правниот промет со трети лица филијалата ги има овластувањата утврдени со актот за основање на филијалата.

Претставништвото е дел од Банката, без статус на правно лице со цел за поефикасно, побрзо и конкурентско извршување на барањата на комитентите на Банката во функција на зголемување на услугите и обемот на финансиското и банкарското работење. Претставништвото не смее да врши финансиски активности.

**Член 36-б**

Под организациони единици на Банката се подразбираат организационите форми преку кои се извршуваат работите од финансиските активности на Банката.

Организационите единици на Банката се: сектори, дирекции, служби, оддели и одделенија.

**Член 37**

„Внатрешната организација и систематизација на работните места се утврдуваат со посебни акти што ги донесува Управниот одбор на Банката."

**ОРГАНИ НА БАНКАТА**

**Член 38**

Органи на Банката се: Собрание, Надзорен одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија, Управен одбор, Кредитен одбор и Одбор за управување и надгледување на информативна технологија.

**Собрание на акционери**

**Член 39**

Собранието на Банката го сочинуваат акционери, лично или преку нивните претставници.

На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот, му припаѓа право на учество во работата на Собранието и право на глас, освен ако со закон поинаку не е определено.

Секој акционер може да овласти полномошник на Собранието со давање полномошно во писмена форма без обврска истото да се завери на нотар. Полномошното има важност се до неговото отповикување, но не подолго од две години од денот на неговото давање.

Акционерите, кои се правни лица, на Собранието ги застапуваат нивните законски застапници или лица кои се овластени од нив.

„Акционерите можат да овластат полномошници и/или на истите да им дадат инструкции за гласање на електронски начин. Банката им обезбедува на акционерите користење на електронски систем преку кој ќе можат да се регистрираат, да овластат свои полномошници и да им даваат инструкции за гласање.

Одредбите од овој член соодветно се применуваат и на откажувањето на полномошно на електронски начин "

**Член 39-а**

За даденото полномошно, акционерот треба веднаш да ја извести Банката, во спротивно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Банката ќе утврдува образец на полномошно кој ќе биде достапен за преземање од интернет страницата на Банката.

Банката може да бара утврдување на личниот идентитет на акционерот како услов за уважување на полномошното, односно за верификација на дадени инструкции за гласање.

### Член 39-б

За полномошници на Собранието можат да бидат овластени лица кај кои постои конфликт на интереси согласно Законот за трговските друштва, под услов ако полномошниците: (1) претходно им обелоделениле на акционерите дека кај нив има конфликт на интерес и (2) добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници за секоја предложена точка за гласање по точките на Дневниот ред на седницата на Собранието.

Банката без одлагање на својата интернет страница ќе го објави идентитетот и причините за постоење на конфликт на интерес кај овластените полномошници.

### Член 40

Собранието на Банката ги врши следните работи:

- го усвојува Статутот и измените и дополнувањата на Статутот на Банката;
- ги разгледува и усвојува годишниот извештај за работење на Банката заедно со писменото мислење по истиот изготвено од страна на Надзорниот одбор;
- го разгледува и усвојува извештајот на друштвото за ревизија и писменото мислење по истиот изготвен од страна на Надзорниот одбор;
- ја усвојува годишната сметка и финансиските извештаи на Банката;
- одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка, или за покривање на загубите;
- одлучува за нова емисија на акции на Банката;
- одлучува за статусни промени и за престанок на работење на Банката;
- ги именува и разрешува членовите на Надзорниот одбор;
- избира друштво за ревизија и одлучува по предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија и
- одлучува и за други прашања од значење за работењето на Банката предвидени со овој Статут и другите законски и подзаконски прописи.

Собранието може за одделни прашања од делокругот на работење на Банката да формира и работни тела (комисии) на начин и според услови определени со закон, овој Статут и други интерни акти на Банката.

### Член 41

Собранието на Банката работи на седници, кои се одржуваат по потреба а најмалку еднаш годишно.

Седница на Собранието на Банката свикува Надзорниот одбор на Банката, согласно Закон.

Годишното Собрание се свикува најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на Банката во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно собрание.

Собрание помеѓу две годишни собранија може да се свика кога тоа го бара интересот на Банката и на акционерите.

Барање за свикување на Собрание во писмена форма можат да поднесат акционерите кои имаат најмалку 1/10 од акциите со право на глас. Во писменото барање акционерите треба да ги наведат целта и причините за свикување на Собранието и прашањата за кои Собранието ќе одлучува, своето име, презиме, местото на живеење и ЕМБГ, односно фирмата, седиштето и ЕМБС ако акционерот е правно лице. Акционерите кон барањето доставуваат и извод од акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите со право на глас коишто ги поседуваат во Банката.

Надзорниот одбор во рок од осум дена од денот на приемот на барањето на акционерите за свикување Собрание, донесува одлука за прифаќање или за одбивање на барањето. Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради коишто е така одлучено.

Ако по барањето на акционери кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас Надзорниот одбор не свика Собрание во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барањето, акционерите можат да поднесат предлог за свикување Собрание до судот.

### Член 42

Собранието на Банката може да биде свикано со праќање на покана до акционерите или со објавување на јавен повик до акционерите. Начинот на свикување на Собранието се определува со Одлуката за свикување на Собрание.

Поканата се испраќа до сите акционери чиишто акции им даваат право на учество во работата на Собранието коешто се свикува, на начин којшто овозможува да се потврди датумот кога е испратена и датумот кога е примена од секој акционер. Поканата се испраќа според изводот од акционерската книга, којшто не е постар од три дена до денот на испраќањето на поканата.

Јавниот повик се објавува на половина страница во најмалку еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Северна Македонија. Содржината на јавниот повик се објавува на насловната страница од официјалната интернет страница на Банката и интернет страницата на Македонската берза на хартии од вредност.

Поканата, односно Јавниот повик за учество на Собранието на Банката содржи потребни податоци согласно закон, а особено:

1. Фирма и седиште на Банката;
2. Место, датум и час на одржување на Собранието;
3. Опис на постапките според кои акционерите учествуваат и гласаат на седница на Собранието, а особено во поглед на правото за: (1) доставување на предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред, (2) поставување на прашања за точките од дневниот ред, (3) овластување на полномошник и постапката за гласање преку полномошник;
4. Другите процедурални формалности што се од значење за присуството на Собранието и за начинот на гласањето.
5. Дневниот ред според кој ќе работи Собранието;
6. Начинот на кој што се достапни материјалите што се подготвени за Собранието коешто е свикано;
7. Адресата на интернет страницата на Банката на која ќе бидат достапни информациите во врска со вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објава на повикот, документи и материјали кои ќе се разгледуваат на седницата на Собранието, предложените одлуки за донесување или мислење од овластен орган или тело, предложените одлуки од акционерите, обрасците за гласање преку полномошник;
8. Други информации во зависност од точките на дневен ред за собранието;

Рокот кој тече од денот на испраќањето на поканата, односно на објавувањето на јавниот повик за учество на Собранието на Банката до денот на одржувањето на Собранието, не може да биде пократок од 30 дена.

Материјалите за седницата на Собранието на Банката им се ставаат на располагање на акционерите од денот на испраќање на поканата, односно на објавувањето на јавниот повик, во време и место определено од Банката и на интернет страницата на Банката.

Право на присуство на седниците на Собранието имаат акционерите кои се уредно запишани во книгата на акции.

### Член 43

Собранието може да одлучува ако во работата на седницата учествуваат и се претставени акционери кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со

право на глас, при што се смета дека во работата на Собранието учествуваат и се претставени акционерите кои се присутни на седницата-лично или преку полномошник и акционерите кои гласале со коресподенција.

Ако на Собранието не се обезбеди присуството од став 1 на овој член, за време што не е подолго од 15 дена се свикува повторно Собрание, кое може да одлучува по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување без оглед на бројот на присутните акционери и бројот на акциите што ги поседуваат освен за прашањата за кои со Законот за трговски друштва е определено одлучување со соодветно мнозинство.

Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас кои учествуваат во работата, односно се претставени во Собранието, освен ако со закон и овој Статут не е предвидено друго мнозинство или не се пропишани други услови во поглед на мнозинството со кое се донесуваат одлуките на Собранието. Донесените одлуки влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако во одлуката не е утврден друг датум на влегување во сила.

Една акција носи право на еден глас.

Гласањето на Собранието на Банката по сите прашања ставени на дневен ред, вклучувајќи го и именувањето и разрешувањата на членовите на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија се врши јавно, а кон тајно гласање се пристапува под услови утврдени со закон.

### Член 44

Одлуките на Собранието на Банката се донесуваат со две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието:

- за зголемување и намалување на почетниот капитал на Банката, и
- за статусни измени и престанок на Банката.

Одлуката за измена и/или дополнување на Статутот на Банката, Собранието на Банката ја донесува со мнозинство гласови од вкупниот број акции со право на глас,

### Член 44-а

Собранието може да одлучува само за прашања коишто се уредно ставени на дневен ред на седницата и материјалите по дневниот ред.

Секој акционер има право да поднесува иницијатива за вклучување точки во дневниот ред на свикано Собрание, под услови и на начин утврдени со закон и овој Статут.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат: (1) дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка; (2) за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието.

Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на Собранието коешто е свикано и/или предлагањето на одлуки за усвојување се испраќа до органот што го свикал Собранието во рок од осум дена од денот кога е објавен јавниот повик за учество на Собранието или од денот кога е испратена поканата.

Уредно доставеното барање за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на свикано Собрание, органот што го свикал Собранието, го објавува на ист начин на којшто го објавил јавниот повик за учество на свиканото собрание, најдоцна осум дена пред денот на неговото одржување. Барање за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на свикано Собрание не се става за разгледување ако истото е поднесено спротивно на закон.

Ако остварувањето на правата на акционерите од ставот 2 на овој член повлекува измена на дневниот ред на Собранието кој веќе е објавен, Банката го става на располагање на акционерите ревидираниот дневен ред на истиот начин како и претходниот дневен ред пред датумот на одржувањето на седницата на Собранието. Ревидираниот дневен ред е уредно ставен на располагање ако акционерите можат навремено да овластат полномошници.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на Собранието, а Банката е должна да одговори на поставните прашања. Правото за

поставување прашања и обврската за одговарање на поставените прашања е претходно условено од потребата да се потврди личниот идентитет на акционерите кои поставиле прашања, одржувањето на ред во заседавањето и работата на собранието и зачувување на доверливоста во работењето, принципите на банкарска и деловна тајна, како и деловните интереси на Банката. Прашањата и одговорите се објавуваат на интернет страницата на Банката во формат на прашање и одговор.

**Член 45**

Собранието избира претседавач за секое одделно собрание од редот на акционерите или лицата кои застапуваат акционер/и на Собранието на Банката. Мандатот на претседавачот со Собранието трае до изборот на Претседавач на наредното Собрание коешто треба да биде одржано.

**Член 46**

Ако е тоа наведено во јавниот повик и дневниот ред акционерите можат да гласаат на свикано собрание и преку телефон и друго соодветно електронско средство, коешто е дел од јавна комуникациска мрежа. На секој акционер мора на сигурен начин да му се утврди идентитетот, правото на глас, начинот на воспоставување на комуникациска врска меѓу Банката и акционерот и тоа така што гласањето ќе му биде достапно и ќе може со сигурност да се евидентира извршеното гласање. Кога акционерот гласа преку телефон или преку друго електронско средство се смета за присутен на собранието, односно го сочинува кворумот за работа и одлучување на собранието.

**Член 46-а**

Ако е тоа наведено во јавниот повик, Банката во согласност со Законот за трговските друштва може да им овозможи на акционерите да гласаат со коресподенција пред денот на одржувањето на свиканото Собрание.

Пред да им се овозможи на акционерите да гласаат со коресподенција, Банката може да побара тие да го потврдат својот личен идентитет приложувајќи документи за лична идентификација во оригинал или во препис од оригинал по избор на акционерите и без обврска за акционерите да го заверат кај нотар или да биде потврден од домашен или странски надлежен орган.

Гласањето со коресподенција се врши со испраќање на пополнет образец кој во оригинал мора да биде примен во Банката најдоцна еден работен ден пред денот на одржувањето на Собранието.

Банката на својата интернет страница ги објавува обрасците за гласање со коресподенција, опис на постапката, потребната документација за идентификација и датумот до кој мора да биде примен во Банката во оригинал пополнетиот образец за гласање со коресподенција.

Акционерите кои гласале со коресподенција, може лично да присуствуваат на седницата на Собранието, но ќе мораат писмено да го отповикаат гласањето со коресподенција најдоцна 48 часа пред одржувањето на Собранието, во спротивно ќе се земе во предвид гласањето со коресподенција.

**Член 46-б**

За работата на Собранието се води записник. Записникот се подготвува најдоцна во рок од осум дена од одржувањето на Собранието и него го потпишуваат записничарот и претседавачот на Собранието, а го заверуваат заверувачи на записник.

Ако Собранието одлучува за прашања што се запишуваат во трговскиот регистар, записникот го води нотар. Записникот се подготвува најдоцна во рок од три дена од одржувањето на Собранието и него го потпишува нотарот и Претседавачот со Собранието.

Во рок од 15 дена од одржувањето на Собранието, Банката на својата интернет страница ги објавува резултатите од гласањето согласно Законот за трговските друштва.

**Член 47**

Со деловникот за работа на Собранието на Банката поблиску се регулира начинот на работењето и гласањето во Собранието како и други прашања од значење за работа на Собранието.

**Надзорен одбор**

**Член 48**

Надзорниот одбор го сочинуваат 7 члена, при што 2 члена се независни членови на Надзорниот одбор.

Членовите на Надзорниот одбор од своите редови избираат претседател на Надзорниот одбор.

**Член 49**

Член на Надзорен одбор не може да биде лице кое е вработено во Банката.

Член на Надзорен одбор треба да ги исполнува и критериумите за лице со посебни права и одговорности дефинирани во чл. 78-г од овој Статут.

Член на Надзорен одбор на Банката може во исто време да биде и:

- член на еден орган на управување и на еден орган на надзор, односно да извршува една функција на извршен и една функција на неизвршен член на одбор на директори во небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции или
- член на три органи на надзор, односно да извршува три функции на неизвршен член на одбор на директори на небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции.

Ограничувањата од членот 78-г ставот 1 точка 6 и став 2 од истиот член, не се однесуваат на членство во:

1.органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок и
2.во органи на трговски друштва што припаѓаат на иста банкарска група во Република Северна Македонија или во странство.

**Член 49-а**

Членовите на Надзорниот одбор треба да имаат соодветно знаење и искуство за извршување на своите надлежности, да избегнуваат судир на интереси и да посветуваат доволно време за извршување на обврските што произлегуваат од надлежностите пропишани со Законот за банките.

Членовите на Надзорниот одбор треба заедно да имаат знаења и искуство потребни за независен надзор на работењето на Банката, а особено за разбирање на активностите што ги врши Банката и на материјалните ризици на кои е изложена.

**Член 50**

Членовите на Надзорниот одбор имаат право на паричен надоместок. Со актот за именување на членовите на Надзорниот одбор или со посебна одлука на Собранието се

определува начинот и износот на наградата на секој од членовите на Надзорниот одбор. На членовите на Надзорниот одбор за нивната работа може да им се одобри учество во добивката кое се состои од удел во годишната добивка на Банката.

### Член 51

Мандатот на член на Надзорниот одбор трае 4 (четири) години сметано од денот на назначувањето.

Исто лице не може да биде независен член на Надзорниот одбор на Банката подолго од три последователни мандати.

На членовите на Надзорниот одбор на Банката, членството во Надзорниот одбор може да им престане и пред истекот на мандатот во следните случаеви:

- по свое барање,
- по сила на Закон.

Во случај на предвремено престанување на функцијата на членовите на Надзорниот одбор на првата наредна седница на Собранието на Банката се вршат избори за испразнетите места за остатокот на мандатот.

### Член 52

Надзорниот одбор е одговорен за стабилноста и ефикасноста на Банката и за заштита на депонентите на Банката.

Надзорниот одбор и вработените во Банката имаат доверлива задача да и служат на Банката и на клиентите на Банката и интересите на Банката и интересите на клиентите да ги стават пред својот сопствен материјален интерес.

### Член 53

Надзорниот одбор врши надзор на работењето на Управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиски активности и го надгледува нивното спроведување.

Надзорниот одбор е одговорен да обезбеди добро работење и управување и стабилност на Банката како и навремено и точно финансиско известување на Народна банка.

Надзорниот одбор ги врши и следните работи:

1. Ја усвојува деловната политика и развојниот план на Банката;
2. Именува и разрешува членови на Управниот одбор на Банката;
3. Именува и разрешува членови на Одборот за управување со ризици;
4. Именува и разрешува членови на Одборот за ревизија;
5. Го усвојува финансискиот план на Банката;
6. Го одобрува воспоставувањето и организацијата на системот на внатрешна контрола;
7. Организира Служба за внатрешна ревизија;
8. Го одобрува годишниот план на Службата за внатрешна ревизија;
9. Ја усвојува политиката за сигурност на информативниот систем;
10. Ги усвојува политиките за управување со ризици на Банката;
11. Усвојува политика за избегнување судир на интересите со која се идентификуваат можните судири на интереси и мерките и активностите за нивно спречување;
12. Усвојува политика за наградување во согласност со деловната политика, развојниот план, финансискиот план и политиката за избегнување судир на интересите на Банката;
13. Донесува и спроведува политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор;
14. Ги разгледува извештаите за работењето на Управниот одбор на Банката;
15. Ги разгледува извештаите на Одборот за управување со ризици;
16. Ги разгледува извештаите на Одборот за ревизија;
17. Ги разгледува извештаите на Службата за внатрешна ревизија;
18. Ги разгледува извештаите на Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите,

19. Ја одобрува годишната сметка и финансиските извештаи на Банката,
20. Одобрува изложеност спрема лице од над 20% од сопствените средства на Банката, со исклучок на изложеност врз основа на купување на хартии од вредност издадени од Народна банка на Република Северна Македонија;
21. Одобрува трансакции со поврзани лица со Банката во износ од над 6.000.000 денари;
22. Го одобрува стекнувањето на капитални делови и купувањето на хартии од вредност поголеми од 5% од сопствените средства на Банката, освен купување на хартии од вредност издадени од Република Северна Македонија;
23. Го одобрува предлогот на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија или предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизијаи е одговорен за обезбедување на соодветна ревизија;
24. Ја усвојува политиката за вршење на внатрешна ревизија;
25. Ги разгледува извештаите на супервизијата, други извештаи доставени од Народна банка, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и предлага односно презема мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености и слабости во работењето на Банката;
26. Го одобрува Годишниот извештај за работењето на Банката и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на Банката;
27. Го разгледува Извештајот на Друштвото за ревизија и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на акционери;
28. Го усвојува кодексот за корпоративно управување со кој се уредуваат правилата за управување и за надзор на Банката и
29. Го усвојува етичкиот кодекс на Банката;
30. Одлучува за други прашања утврдени со Статутот или други акти на Банката и законските и подзаконските прописи.

**Член 54**

Надзорниот одбор најмалку еднаш годишно врши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и за тоа го известува собранието на банката.

Надзорниот одбор на Банката не може да именува член на Управен Одбор на Банката без претходна согласност на НБРМ.

**Член 55**

Начинот и постапката на работењето на Надзорен одбор на Банката, поблиску се регулираат со овој Статут и Деловникот за работа на Надзорниот одбор на Банката.

**Член 56**

1. Надзорниот одбор одлучува на седници.

Надзорниот одбор се состанува најмалку еднаш квартално.

Седниците на Надзорниот одбор по правило ги свикува и со нив раководи претседателот на Надзорниот одбор на Банката.

Секој член на Надзорниот одбор, со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од претседателот на Надзорниот одбор да свика седница на Надзорен одбор. Седницата мора да се одржи во рок од 15 дена од денот кога е поднесено барањето.

2. Надзорниот одбор може да работи и одлучува кога се присутни најмалку 1/2 од вкупниот број на членови.

За присутни на Седницата се сметаат и членовите кои користат конференциска, телефонска врска или друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираната седница можат да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг. Учеството на ваквите седници се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на овој начин. Учеството на седници се запишува во записникот на Надзорниот одбор кој го потпишуваат сите членови што учествувале на седницата организирана на ваков начин.

На седницата можат да бидат поканети и други лица за кои ќе одлучи Надзорниот одбор на Банката, без право на глас.

Надзорниот одбор може да одлучува и без одржување на седница за што сите членови на Надзорниот одбор даваат согласност за одлуката која се донесува без одржување на седница. Давањето на согласноста се врши со своерачен потпис или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлогот на одлуката.

По исклучок во определени случаи на предлог на претседателот на Надзорниот одбор, Надзорниот одбор може да одлучи определена седница или само нејзин дел да се одржи без присуство на други лица, освен оние кои ќе ги определи Надзорниот одбор.

3. Седницата на Надзорниот одбор ја отвора и со неа раководи претседателот, а ако претседателот на Надзорниот одбор од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, со седницата на Надзорниот одбор раководи член на Надзорниот одбор избран со мнозинство гласови на присутните членови на Надзорниот одбор.

По отворањето на седницата претседателот утврдува дека е присутен потребниот број на членови за да може Надзорниот одбор да работи и полноважно да одлучува.

Доколку присуството на седницата не е доволно, седницата се одлага и се закажува нова седница во рок не подолг од 15 дена.

4. Ако на седницата присуствува потребниот број на членови на Надзорниот одбор, претседателот го предлага дневниот ред на усвојување.

Секој член на Надзорниот одбор има право да предложи измена и дополнување на предложениот дневен ред. Доколку има предлози за измена и дополнување на дневниот ред, членовите на Надзорниот одбор најпрво се изјаснуваат за предложената измена и дополнување, а потоа се усвојува дневниот ред.

Предложените измени и дополнувања како и дневниот ред во целина се сметаат за усвоени ако за нив се изјаснат повеќето од половината од присутните членови на Надзорниот одбор.

5. По усвојувањето на дневниот ред се пристапува кон работа по материјалите по одделни точки од дневниот ред по редослед.

Доколку тоа е потребно, пред да се отвори расправата, за одделни точки од дневниот ред воведно образложение даваат претседателот на Управниот одбор, членовите на Управниот одбор и преставниците од редот на стручната служба на Банката.

Учеството во расправата се врши со усно пријавување и давање збор од страна на претседателот на Надзорниот одбор, по редот на пријавувањето.

Во расправата можат да се вклучат и лицата што не се членови на Надзорниот одбор но само со цел да дадат појаснување по одделни прашања од дневниот ред.

6. Во расправата претседателот кај учесниците инсистира на конструктивност, придржување кон точката на дневен ред и материјалот што се расправа, со потенцирање доколку се има поинакво мислење, став, препорака, заклучок или одлука од предложеното во материјалот да се формулира и даде во вид на предлог.

По констатацијата на претседателот дека по одделната точка од дневниот ред дискусијата е исцрпена, се предлага изјаснување со гласање.

7. Предлогот по кој се гласа мора да биде правилно и јасно формулиран. Доколку по одредена точка од дневниот ред се истакнат повеќе предлози, посебно се гласа за секој предлог и тоа по оној редослед по кој се предложени.

Предлогот е усвоен ако го добие потребното мнозинство на гласови.

Гласањето по предлогот се врши поименично.

Членот на Надзорниот одбор може да гласа "ЗА" предлогот и "ПРОТИВ" предлогот што се констатира и записнички.

8. Надзорниот одбор на Банката на својата седница одлучува во форма на одлуки, заклучоци, мислења, ставови и препораки.

Одлуката, заклучокот, мислењето, ставот и препораката се смета дека се донесени ако за неа гласале повеќе од половината од членовите на Надзорниот одбор.

Во случај на изедначен број на гласови, гласот на претседателот на Надзорниот одбор е одлучувачки.

9. Одлуката, заклучокот, мислењето, ставот и препораката што ги донесува Надзорниот одбор ги потпишува претседателот на Надзорниот одбор или членот кој

заседава со седницата, а ги спроведува Управниот одбор на Банката преку стручните служби на Банката.

Доколку документите наведени во претходниот став не се дооформени стручната служба на Банката е должна да ги дооформи во рок од три дена од одлучувањето и така уредно изготвени да ги достави до Надзорниот одбор на Банката.

10. За текот на седницата на Надзорниот одбор се води записник. Записникот се изготвува во рок од три дена од денот на одржувањето на седницата.

Записникот содржи податоци за: времето и местото на одржувањето на седницата, лицата кои присуствувале на седницата, предложениот и усвоениот дневен ред на седницата, учесниците во расправата-дискусијата, кратка содржина на воведното излагање и предлозите на учесниците во расправата-дискусијата, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале "за" и "против" по однос на одлуките усвоени на седницата.

Во записникот може по барање на членот кој гласал "за" и "против" по однос на предлогот, да се внесе и причината зошто така гласал.

Ако некој член има судир на интерес, членот има обврска тоа да го најави на почетокот на седницата и тоа да се евидентира во записникот.

Записникот го води лице вработено во Банката.

Записникот, евентуалните магнетофонски снимки и оригиналниот материјал од седницата ја сочинуваат документацијата на седницата.

Записникот го потпишуваат сите членови на Надзорниот одбор кои биле присустни на седницата. Записникот го потпишува и Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство членот на Надзорниот одбор кој претседавал со седницата.

Записникот за одлуки донесени без оджување на седница (со писмена согласност) се изготвува и потпишува во рок од 30 дена од денот на давањето на согласноста за одлуката која е донесена без одржување на седница.

### *Член 57*

Кога Надзорен одбор ќе утврди дека има потреба или кога тоа е утврдено во општ акт може да формира постојани и времени комисии од редот на своите членови и од други лица. Овие комисии не можат да одлучуваат за прашања што се во надлежност на Надзорен одбор, нити можат да им се пренесат нивните права и обврски.

Комисиите се формираат од постојани членови и нивниот состав секогаш е со непарен број на членови. Комисијата може со решение на претседателот на комисијата за вршење на одделни работи повремено да ангажира експерти и други стручни лица или да формира експертски или стручни работни тела на комисијата /експертски или стручен тим/.

Комисиите работаат на состаноци коишто ги свикува и со кои раководи претседателот на комисијата. Административните работи на комисиите ги вршат вработени лица определени од Управниот одбор на Банката.

Поблиските услови, содржината на работа и начинот на работењето на комисиите се уредуваат со деловникот на Надзорниот одбор и соодветните општи акти во согласност со овај статут.

„Од редот на своите членови, Надзорниот одбор на Банката формира помошни одбори што му помагаат при спроведувањето на дел од неговите надлежности.

Надзорниот одбор формира посебен Одбор за наградување за надлежности поврзани со воспоставувањето и спроведувањето на Политиката за наградување.

Надзорниот одбор на Банката може да формира Одбор за именување за надлежности поврзани со воспоставувањето и спроведувањето на Политиката за начинот на избор, следење на работењето и разрешувањето на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор.

Покрај одборите од претходниот став, Надзорниот одбор може да формира и други одбори коишто му помагаат во спроведување на неговите надлежности.

Поблиските услови, начинот на работењето, мандатот, обемот на активности на овие одбори како и начинот на известување на Надзорниот одбор се уредуваат со посебни интерни акти на Банката

**Одбор за управување со ризици**

***Член 58***

1. Одборот за управување со ризици во Банката се состои од 5 (пет) члена кои ги именува Надзорниот одбор на Банката од редот на лицата со посебни права и одговорности. Членови на Одборот за управување со ризици се: Членот на Управниот одбор во чија надлежност е Секторот Стратешко банкарство, Директорот на Сектор Стратешко банкарство, Директорот на Дирекција за управување со ризици, Заменик-Директорот на Сектор Комерцијално банкарство и Директорот на Дирекција за средства и ликвидност.

2. Членовите на одборот за управување со ризици задолжително треба да имаат искуство во областа на финансиите или банкарството од најмалку 3 години, да имаат познавање за работењето на Банката, нејзините производи и услуги и да имаат познавање на ризиците на кои е изложена Банката.

3. Мандатот на членовите на Одборот за управување со ризици трае четири години.

4. Членовите на Одборот за управување со ризици од своите редови избираат Претседател и Заменик-Претседател на Одборот за управување со ризици.

5. На членовите на Одборот за управување со ризици, членството во Одборот за управување со ризици може да му престане и пред истекот на мандатот во следните случаи:

- по свое барање;
- по сила на Закон;
- со отповикување од страна на Надзорниот одбор на Банката.

***Член 59***

1.Одборот за управување со ризици ги врши следните работи:

- Перманентно го следи и оценува степенот на ризичност на Банката и го утврдува прифатливото ниво на изложеност на ризици со цел минимизирање на загубите од изложеност на Банката на ризик;
- Воспоставува политики за управување со ризици и ја следи нивната примена;
- Ги следи прописите на Народна банка кои се однесуваат на управувањето со ризици и усогласеноста на Банката со овие прописи;
- Врши оцена на системите на управување со ризиците во Банката;
- Утврдува краткорочни и долгорочни стратегии за управување со одделните видови ризици на кои е изложена Банката;
- Ги анализира извештаите за изложеноста на Банката на ризик изработени од службите во Банката кои вршат оцена на ризиците и предлага стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици;
- Ја следи ефикасноста на функционирањето на системите на внатрешна контрола во управувањето со ризици;
- Ги анализира ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на Банката;
- Ги анализира ефектите од предложените стратегии за управување со ризици, како и предложените стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици,
- Оценка на усогласеноста на цените на производите и услугите што ги нуди Банката со нивото на преземен ризик, во согласност со деловната политика и развојниот план на Банката;
- Квартално го известува Надзорниот одбор за промените во ризичните позиции на Банката, промените во стратегијата за управување со ризици, ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на Банката, како и преземените мерки и инструменти за заштита од ризиците и ефектите од истите;
- Одобрува изложеност спрема лице од над 10% до 20% од сопствените средства на Банката;

- Други активности во согласност со законската и подзаконската регулатива и интерните акти на Банката.

2. Одборот за управување со ризици најмалку еднаш годишно врши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и истата ја доставува до Надзорниот одбор.

**Член 60**

1.Одборот за управување со ризици се состанува најмалку еднаш неделно.

Седниците на Одборот за управување со ризици ги свикува и со нив раководи Претседателот на Одборот за управување со ризици.

Секој член на Одборот за управување со ризици, со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од Претседателот на Одборот за управување со ризици да свика седница на Одборот за управување со ризици.

Седници на Одборот за управување со ризици се свикуваат и по барање на Надзорниот одбор или Управниот одбор на Банката.

2. Претседателот на Одборот за управување со ризици врз основа на увидот во материјалите го утврдува предлогот на Дневниот ред и ја закажува седницата на Одборот за управување со ризици.

3. Свикувањето на седниците на Одборот за управување со ризици се врши со писмена покана или со покана во електронска форма испратена по електронска пошта. Во итни случаи, поканата за свикување на седницата може да се соопшти преку телефон.

Во поканата за седницата се внесува денот, часот и местото на одржувањето на седницата.

Поканата со предлог дневниот ред и предлог-материјалите за седницата се доставуваат до членовите на Одборот за управување со ризици и другите лица кои се повикани да учествуваат во работата на Одборот за управување со ризици.

Материјалите со поканата и дневниот ред се доставуваат најдоцна еден ден пред одржувањето на седницата.

По исклучок, материјалите можат да се достават и на денот на одржување на седницата или на самата седница, доколку нивното разгледување и одлучување по истите е неодложно.

По добивањето на материјалите за седницата, членот на Одборот за управување со ризици кој не може да присуствува на седницата, може писмено да го соопшти своето мислење по материјалите, но не може да гласа по точките од дневниот ред.

Претседателот на Одборот за управување со ризици може по потреба да повика и други надлежни стручни лица од организационите делови и единици на Банката да присуствуваат на седницата на Одборот за управување со ризици.

4. Седницата на Одборот за управување со ризици ја отвора и со неа раководи Претседателот на Одборот за управување со ризици.

По отворањето на седницата Претседателот утврдува дали постои кворум за одржување на седницата и за полноважно одлучување на истата.

Одборот за управување со ризици може да работи и да одлучува ако на седницата се присутни најмалку половина од сите негови членови.

Доколку на седницата на Одборот за управување со ризици нема мнозинство за полноважно одлучување, седницата се одложува и се свикува во рок не подолг од 2 дена од денот на одложувањето. Претседателот на Одборот за управување со ризици може и веднаш, во договор со присутните членови на Одборот за управување со ризици да го одреди времето за одржување на нова седница, за што по писмен или електронски пат се известуваат останатите неприсутни членови на Одборот за управување со ризици.

5.Во отсуство на Претседателот на Одборот за управување со ризици, сите негови надлежности, права, обврски и одговорности, вклучително и водење на седниците, ги извршува Заменик-Претседателот на Одборот за управување со ризици.

Претседателот и Заменикот-Претседателот на Одборот за управување со ризици можат да овластат било кој член на Одборот за управување со ризици да ги извршува надлежностите предвидени на Одборот, ако од било кои причини не се во можност да ја вршат функцијата или се отсутни.

6.Пред почетокот на седницата Одборот за управување со ризици го утврдува дневниот ред за седницата.

Секој член на Одборот за управување со ризици има право да предложи измена и дополнување на предложениот дневен ред.

Дневниот ред го усвојува, односно за предложените измени и дополнувања на Дневниот ред одлучува Одборот за управување со ризици.

7.На седницата на Одборот за управување со ризици се расправа и одлучува по точките ставени на дневен ред на седницата.

Во расправата можат да се вклучат и лицата што не се членови на Одборот за управување со ризици но само со цел да дадат појаснување по одделни прашања од деневниот ред.

Одборот за управување со ризици може да одлучи разгледувањето и одлучувањето по одделни прашања да се одложи за наредна седница, ако оцени дека е потребно проучување, надополнување на доставениот материјал или доставување на дополнителен материјал.

Разгледувањето и одлучувањето по материјалите по правило се врши според редоследот во усвоениот дневен ред.

Расправата се води по точката од дневниот ред се додека истата не се исцрпи (заврши).

По завршувањето на расправата по точката од дневниот ред, Претседателот на Одборот за управување со ризици ја заклучува расправата и го формулира предлогот за кој треба да се гласа.

8. Предлогот по кој се гласа мора да биде правилно и јасно формулиран.

Доколку по одредена точка од дневниот ред се истакнат повеќе предлози, посебно се гласа за секој предлог и тоа по оној редослед по кој се предложени.

Предлогот е усвоен ако го добие потребното мнозинство на гласови.

Гласањето по предлогот се врши јавно.

Членот на Одборот за управување со ризик може да гласа "ЗА" предлогот и "ПРОТИВ" предлогот што се констатира и записнички.

9. Одборот за управување со ризик на Банката на својата седница одлучува во форма на одлуки, заклучоци, мислења, ставови и препораки.

Одлуката, заклучокот, мислењето, ставот и препораката се смета дека се донесени ако за неа гласале повеќе од половината од вкупниот број на членови на Одборот за управување со ризици.

Во случај на изедначен број на гласови, гласот на Претседателот на Одборот за управување со ризици е одлучувачки.

Одлуката, заклучокот, мислењето, ставот и препораката што ги донесува Одборот за управување со ризици ги потпишува Претседателот на Одборот за управување со ризици односно членот кој претседава со седницата, а ги спроведуваат стручните служби на Банката.

Одлуките и актите донесени од Одборот за управување со ризици влегуваат во сила од денот на донесувањето, освен ако од одлуката или актот не произлегува друг датум на влегување во сила.

10. За текот на седницата на Одборот за управување со ризици се води записник.

Записникот, се изготвува во рок од три дена од денот на одржувањето на седницата.

Записникот содржи податоци за: времето и местото на одржувањето на седницата, лицата кои присуствувале на седницата, предложениот и усвоениот дневен ред на седницата, учесниците во расправата-дискусијата, кратка содржина на воведното излагање и предлозите на учесниците во расправата- дискусијата, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале "за" и "против" по однос на одлуките усвоени на седницата.

Во записникот може по барање на членот кој гласал "за" и "против" по однос на предлогот, да се внесе и причината зошто така гласал.

11. Записникот и донесените одлуки и акти ги потпишува Претседателот на Одборот за управување со ризици. Донесените одлуки и акти претставуваат составен дел на записникот.

Записникот се доставува на членовите на Одборот за управување со ризици во електронска форма испратен по електронска пошта.

Записникот се става на усвојување на наредната седница на Одборот за управување со ризици како прва точка од дневниот ред.

Ако на записникот има забелешки, записникот се усвојува со усвоените забелешки кои се внесуваат во записникот на седницата кога се усвојува записникот.

12. Членовите на Одборот за управување со ризици ја напуштаат седницата и не учествуваат во донесување на одлуки доколку е доведена во прашање нивната објективност, заради постоење на судир на интереси.

Во случај на постоење на судир на интереси, членовите на Одборот за управување со ризици, пред одржување на седницата, даваат писмена изјава до Надзорниот одбор и до Управниот одбор на Банката, во која се наведува основот од кој произлегува судирот помеѓу нивниот личен интерес и интересот на Банката.

Членовите на Одборот за управување со ризици не учестуваат во донесување на одлуки во случај на постоење на судир на интереси и кога одлучуваат на седници организирани со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема или ако се одлучува без одржување на седница, но со давање на писмена согласност на одлука или на акт кој се донесува.

13. Записникот, евентуалните магнетофонски снимки и оригиналниот материјал од седницата ја сочинуваат документацијата на седницата.

Записникот го потпишува Претседателот на Одборот за управување со ризици, а во негово отсуство Заменик-Претседателот или членот на Одборот за управување со ризици, во зависност кој претседавал со седницата.

14. Членовите на Одборот за управување со ризици можат да учествуваат и одлучуваат на седница организирана со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите членови кои учествуваат на така организираната седница можат да се слушаат и да разговараат еден со друг. Учеството на седницата се запишува во записникот на Одборот за управување со ризици, а Записникот го потпишуваат сите членови што учествувале на седницата.

15. Одборот за управување со ризици може да одлучува и без одржување на седница, ако повеќето од половина членови на Одборот дадат писмена согласност на одлуката или на актот кој се донесува.

Давањето на согласноста може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлогот на одлуката, односно на предлогот на актот.

Одборот за управување со ризици согласно став 1 и 2 од оваа точка може да донесува и заклучоци.

Одлуките и актите донесени со писмена согласност на Одборот за управување со ризици влегуваат во сила со денот на давањето на согласноста од страна на неговите членови.

За сите одлуки и акти донесени со писмена согласност на членовите на Одборот за управување со ризици се изготвува записник во кој се евидентираат истите.

Записникот го потпишува Претседателот на Одборот за управување со ризици.

16. Одборот за управување со ризици квартално доставува Извештај за својата работа до Надзорниот одбор, а најмалку еднаш во три месеци до Одборот за ревизија. Извештаите ги потпишува Претседателот на Одборот за управување со ризици.

**Одбор за ревизија**

***Член 61***

1. Одборот за ревизија се состои од 6 (шест) членови
2. Членовите на Одборот за ревизија ги именува Надзорниот одбор на Банката со мандат од 4 години.
3. Мнозинството членови во Одборот за ревизија и тоа 4 (четири) члена се избираат од редот на членовите на Надзорниот одбор, а останатите односно 2 (два) члена се независни членови.
4. Најмалку еден член на Одборот за ревизија мора да биде овластен ревизор.

5. Вработен во Друштвото за ревизија определено од Банката не може да биде член на Одборот за ревизија.

6. Членовите на Одборот за ревизија од своите редови избираат претседател кој е одговорен за организација на работата на Одборот за ревизија.

7. Членовите на Одборот за ревизија треба да имаат соодветно високо образование и познавање на прописите од областа на банкарството како и познавање за работењето на Банката, нејзините производи, ризиците на кои е изложена Банката, системите за внатрешна контрола и политиките за управување со ризици на Банката и сметководството и ревизијата.

8.На членовите на Одборот за ревизија, членството во Одборот за ревизија може да му престане и пред истекот на мандатот во следните случаи:

- по свое барање;
- по сила на закон;
- со отповикување од страна на Надзорниот одбор на Банката.

9. Одборот за ревизија донесува Деловник за работа.

**Член 62**

Одборот за ревизија ги врши следниве работи:

- ги разгледува финансиските извештаи на Банката и се грижи за точноста и транспарентноста на објавените финансиски информации за работењето на Банката во согласност со прописите за сметководство и меѓународните сметководствени стандарди;
- ги разгледува и оценува системите за внатрешна контрола;
- ја следи работата и ја оценува ефикасноста на Службата за внатрешна ревизија;
- го следи процесот на ревизија на Банката и ја оценува работата на друштвото за ревизија;
- ги донесува сметководствените политики на Банката;
- ја следи усогласеноста на работење на Банката со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи;
- одржува состаноци со Управниот одбор, Службата за внатрешна ревизија и друштвото за ревизија во врска со утврдени неусогласености со прописите и слабостите во работењето на Банката;
- ги разгледува извештаите од Одборот за управување со ризици;
- предлага назначување на друштво за ревизија и раскинување на склучен договор со друштво за ревизија;
- најмалку еднаш во три месеци го известува Надзорниот одбор на Банката за својата работа;
- најмалку еднаш годишно врши оценка на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно;
- поднесува полугодишен и годишен извештај за својата работа до Надзорниот одбор на Банката. при што во годишниот извештај е содржана оценатa на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно;
- врши и други работи во согласност со законските и подзаконските прописи, Статутот и другите општи акти на Банката.

**Член 63**

1. Одборот за ревизија се состанува најмалку еднаш на три месеци или почесто по барање на Надзорниот одбор или на членовите на Одборот за ревизија.

Одборот за ревизија работи и одлучува на седници, а членовите на Одборот за ревизија во работата на Одборот можат да учествуваат со користење на конференциска, телефонска врска или друга аудио и визуелна комуникациска опрема со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираната седница можат да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг. Учеството на ваквите седници се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на овој начин. Учеството на седници се запишува во записникот на Одборот за ревизија кој го потпишуваат сите членови што учествувале на седницата организирана на ваков начин.

Седниците на Одборот за ревизија ги свикува и со нив раководи Претседателот на Одборот за ревизија.

Претседателот на Одборот за ревизија е должен да свика седница на Одборот за ревизија во рок од 15 дена од барањето за свикување поднесено од Надзорниот одбор на Банката или најмалку двајца членови на Одборот за ревизија.

Одборот за ревизија може да одржи седница и да донесува полноважни одлуки ако се присутни мнозинство од вкупниот број на членови на Одборот за ревизија.

Одборот за ревизија може да одлучува и без одржување на седница ако сите членови на Одборот дадат писмена согласност на одлуката/актот кој се донесува, со своерачен потпис, со потпис испратен по факс или по електронски пат. За сите одлуки/акти донесени со писмена согласност на членовите на Одборот се изготвува записник.

2. Дневниот ред на седницата на Одборот за ревизија го предлага раководителот на Службата за внатрешна ревизија, а претседателот на Одборот за ревизија ја закажува седницата на Одборот за ревизија.

Во поканата за седницата се внесуваат денот, часот и местото на одржувањето на седницата.

Со поканата за седницата на членовите на Одборот за ревизија и другите поканети лица им се доставува дневниот ред со материјалите по односните точки и тоа најдоцна 3 дена пред одржувањето на седницата.

По исклучок во одделни итни случаи седницата може да се закаже по факс, телефон или електронски пат, а материјалите од дневниот ред да се достават најдоцна 48 часа пред одржувањето на седницата.

3.Седницата на Одборот за ревизија ја отвора и со неа раководи претседателот на Одборот за ревизија, а ако претседателот од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, со седницата раководи член на Одборот за ревизија именуван од претседателот на Одборот за ревизија.

По отворањето на седницата претседателот утврдува дали е присутен потребниот број на членови за да може Одборот за ревизија да работи и полноважно да одлучува.

Доколку присуството на седницата не е доволно, седницата се одлага и се закажува нова седница во рок, кој нема да биде подолг од 15 дена.

4.Ако на седницата присуствува потребниот број на членови на Одборот за ревизија, претседателот го предлага дневниот ред на усвојување.

Секој член на Одборот за ревизија има право да предложи измена и дополнување на предложениот дневен ред. Доколку има предлози за измена и дополнување на дневниот ред, членовите на Одборот за ревизија најпрвин се изјаснуваат за предложената измена и дополнување, а потоа се усвојува дневниот ред.

Предложените измени и дополнувања како и дневниот ред во целина се сметаат за усвоени ако за нив се изјаснат мнозинството од присутните од членовите на Одборот за ревизија.

5. По усвојувањето на дневниот ред се пристапува кон работа по материјалите по одделни точки од дневниот ред по редослед.

Доколку тоа е потребно пред да се отвори расправата за одделни точки од дневниот ред, воведно образложение даваат претставниците на стручните служби на Банката.

Учеството во расправата се врши со усно пријавување и давање збор од страна на претседателот на Одборот за ревизија по редот на пријавувањето.

Во расправата можат да се вклучат и лицата кои не се членови на Одборот за ревизија, но, само со цел да дадат појаснување по одделните прашања од дневниот ред.

По констатацијата на претседателот дека по одделната точка дискусијата е исцрпена се предлага изјаснување со гласање.

6. Предлогот по кој се гласа мора да биде правилно и јасно формулиран.

Доколку по одредена точка од дневниот ред се истакнат повеќе предлози, посебно се гласа за секој предлог и тоа по оној редослед по кој се предложени.

Предлогот е усвоен ако го добие потребното мнозинство на гласови.

Гласањето по предлогот се врши поименично.

Членот на Одборот за ревизија може да гласа ,,ЗА,, предлогот и ,,ПРОТИВ,, предлогот што се констатира и записнички.

7. Одборот за ревизија на Банката на својата седница одлучува во форма на одлуки, препораки, ставови, мислења, заклучоци.

Одлуката, заклучокот, мислењето, ставовите и препораката се смета дека се донесени ако за неа гласале мнозинството од вкупниот број на членови на Одборот за ревизија.

Во случај на изедначен број на гласови, гласот на претседателот на Одборот за ревизија се смета за одлучувачки.

Одлуката, заклучоците, мислењето, ставовите и препораките што ги донесува Одборот за ревизија ги потпишува Претседателот на Одборот за ревизија, или членот кој заседава со седницата.

8. За текот на седницата на Одборот за ревизија се води записник.

Записникот се изготвува во рок од три дена од денот на одржувањето на седницата.

Записникот содржи податоци за: местото и времето на одржувањето на седницата, лицата кои присуствувале на седницата, предложениот и усвоениот дневен ред на седницата, учесниците во расправата - дискусијата, кратка содржина на воведното излагање и предлозите на учесниците во расправата-дискусијата, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале ,,за,,и ,,против,, по однос на одлуките усвоени на седницата.

Во записникот може по барање на членот кој гласал "за" или "против"предлогот, да се внесе и причината зошто така гласал.

Ако некој член има судир на интерес, членот има обврска тоа да го најави на почетокот на седницата и тоа да се евидентира во записникот.

Записникот го води лице вработено во Банката.

Записникот, евентуалните магнетофонски снимки и оригиналниот материјал од седницата ја сочинуваат документацијата на седницата.

Записникот го потпишуваат сите членови на Одборот за ревизија кои биле присутни на седницата.

Записникот од претходната седница се става на усвојување на првата наредна седница на Одборот за ревизија, како прва точка од дневниот ред.

**Управен одбор**

***Член 64***

Управниот одбор на Банката се состои од 2 (две) лица.

Член на Управниот одбор на Банката, задолжително треба да има соодветно високо образование и познавање на прописите од областа на банкарството и финансиите, 6 години успешно работно искуство од областа на финансиите или банкарството или 3 години работно искуство како лице со посебни права и одговорности во Банка, со активности соодветни на Банката.

Членовите на Управниот одбор на Банката треба заедно да поседуваат стручни знаења и искуство потребни за независно управување на Банката, а особено за разбирање на активностите што ги врши Банката и на материјалните ризици на кои е изложена, во согласност со правилата за корпоративно управување пропишани од страна на Советот на Народната банка донесени во согласност со меѓународните стандарди.

Член на Управниот одбор на Банката може во исто време да биде и член на најмногу два органи на надзор односно неизвршен член на одбор на директори во најмногу две небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции.

Член на Управен одбор на Банката не може да биде лице од причините наведени во членот 78-г став 1 точки од 1 до 7 од овој Статут.

Член на Управен одбор не поседува репутација и кога има соработник кој е осуден со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата.

Член на Управен одбор не може да биде и лице кое е управител, член на управен одбор или извршен член на Одбор на директори во кое било домашно или странско трговско друштво.

Ограничувањата од членот 78-г став 1 точка 6 и став 2 од истиот член како и ставовите 4 и 6 од овој член не се однесуваат на членство во:

1) органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок и
2) во органи на трговски друштва кои припаѓаат на иста банкарска група во Република Северна Македонија или во странство.

Членовите на Управниот Одбор мора да се во постојан работен однос во Банката и барем еден од членовите мора да го познава Македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и да има постојано живеалиште во Република Северна Македонија.

Управниот одбор има претседател.

Претседателот на Управниот одбор го бира Надзорниот одбор од редот на членовите на Управниот одбор.

Претседателот на Управниот одбор и членот на Управниот одбор се именуваат за период од 4 години со можност за повторно именување.

Претседателот на Управниот одбор ја претставува Банката.

За време на отсутност од каква било причина на претседателот на Управниот одбор, Банката ја претставува членот на Управниот одбор.

Правата и обврските на членовите на Управниот одбор се уредуваат со Договор кој го склучуваат членот на Управниот одбор и Надзорниот одбор во име на Банката, а го потпишува претседателот на Надзорниот одбор.

На членовите на Управниот одбор членството во Управниот одбор може да му престане и пред истекот на мандатот во следните случаи:

- по свое барање;
- по сила на Закон и
- со отповикување од страна на Надзорниот одбор.

До колку бројот на членовите на Управниот одбор на Банката се намали под пропишаниот со Законот за банки, Надзорниот одбор од своите редови именува вршител или вршители на должноста член на Управен одбор.

Вршителите на должност член на Управен одбор се предмет на упис во Трговскиот регистар.

Членот од Надзорниот одбор кој е именуван за вршител на должност член на Управен одбор, во периодот на извршувањето на оваа должност не може да учествува во донесувањето на одлуките што се во надлежност на Надзорниот одбор.

### *Член 65*

Управниот одбор на Банката ги врши следниве работи:

1. управува со Банката;
2. ја застапува Банката;
3. ги извршува одлуките на Собранието и на Надзорниот одбор на Банката односно се грижи за нивното спроведување;
4. покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работењето на Банката;
5. ги именува и разрешува лицата со посебни права и одговорности во согласност со одредбите од Законот и Статут на Банката;
6. изготвува деловна политика и развоен план на Банката;
7. изготвува финансиски план на Банката;
8. изготвува политика на сигурност на информативниот систем на Банката;
9. изготвува годишен извештај за работењето на Банката и го доставува до Надзорниот одбор;
10. изготвува етички кодекс на Банката;
11. организира Служба за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите;
12. обезбедува соодветна организациска поставеност за обезбедување на сигурност на информативниот систем на Банката;
13. донесува и/или воспоставува соодветни процедури за идентификување, мерење или оценка, следење, контрола или намалување на ризиците, како и за управување со сигурноста на информативниот систем;

14. го воспоставува информативниот систем кој овозможува изготвување на извештаи за следење на целокупното работење; извештаи од областа на корпоративно управување; извештаи и анализи од областа на управување со сите видови ризици; адекватноста на капиталот; лимити и концентрација на изложеност, вкупна изложеност на поврзани лица со Банката; регулирање на достасани а ненаплатени побарувања на Банките; преземени средства врз основа на неплатени побарувања; од областа на усогласеност на работењето со прописите и др., како и системот за известување на Надзорниот одбор и Одборот за управување со ризиците, во врска со евентуалните надминувања на пропишаните лимити на изложеноста на одделните ризици;
15. обезбедува услови за ефикасно спроведување на процесот за управување со ризиците, вклучувајќи и соодветно и навремено информирање на сите вработени во Банката вклучени во процесот на управување со одделни ризици;
16. ги утврдува правата и одговорностите на лицата со посебни права и одговорности и го следи нивното остварување;
17. одлучува за засновање и престанок на работен однос, за распоредување, наградување и материјална одговорност на аработниците согласно законските прописи и актите на Банката;
18. одлучува за други прашања од значење за работењето на Банката, во согласност со законските и подзаконските прописи, Статутот и другите акти на Банката, освен за оние кои се во исклучителна надлежност на Собранието и на Надзорниот одбор.

Претседателот на Управниот одбор управува и директно е одговорен за работата на Секторот Комерцијално банкарство, Секторот за правни работи и проблематични пласмани, Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите и спречување на перење пари и финансирање тероризам, лицето за обезбедување на сигурност на информативниот систем и Дирекцијата за човечки ресурси, организација и подршка.

Членот на Управниот одбор управува и директно е одговорен за работата на Сектор Стратешко банкарство и Секторот за информатичка технологија и позадински обработки.

Управниот одбор управува и директно е одговорен за работата на Секретаријатот.

Управниот одбор со претходно одобрение на Надзорниот одбор на Банката одлучува и за следниве работи:

- Намалување или проширување на предметот на работење на Банката;
- \- Суштествени внатрешни организациски промени на Банката кои што се однесуваат на основање/укинување на сектори, самостојни дирекции и служби на Банката.
- Основање и престанување на подружници на Банката.

**_Член 66_**

1) Управниот одбор на Банката е одговорен за:

1. Обезбедување услови за работењето на Банката во согласност со прописите;
2. Управување и следење на ризиците на кои е изложена Банката во работењето;
3. Постигнување и одржување на адекватно ниво на сопствени средства;
4. Функционирање на системот за внатрешна контрола во сите области на работење на Банката;
5. Непречено работење на Службата за внатрешна ревизија на Банката односно осигурува дека Службата за внатрешна ревизија има пристап до документацијата и до вработените во Банката со цел за непречено спроведување на нејзините активности;
6. Непречено работење на Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите, односно осигурува дека Службата има пристап до

документацијата и до вработените во Банката со цел за непречено спроведување на овластувањата;

7. Донесување и спроведување политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на лица со посебни права и одговорности, освен за членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор;
8. Водење на трговските и другите книги и деловната документација на Банката за изработка на финансиски и други извештаи во согласност со прописите за сметководство и сметководствени стандарди;
9. Навремено и точно финансиско известување.
10. Редовност и точност на извештаите што се доставуваат до Народна банка во согласност со Закон и прописите донесени врз основа на Закон и
11. Спроведување на мерките изречени од страна на Гувернерот спрема Банката.

2) Управниот одбор на Банката за својата работа одговара пред Надзорниот одбор,

3) Управниот одбор го известува Надзорниот одбор за своето работење најмалку еднаш квартално.

4) Управниот одбор е должен веднаш да го извести Надзорниот одбор за:

- влошена ликвидност или солвентност на Банката,
- постоење основ за укинување на дозволата за основање и работење или за забрана за извршување на одредена финансиска активност, согласно Законот,
- намалување на сопствените средства под пропишаното ниво во согласност со Закон,
- наодите на Супервизијата и надзорот на Народната банка и
- наодите на Управата за јавни приходи и други контролни органи.

5) Во случаите од точка 4, алинеа 1,2 и 3 од овој член, Надзорниот одбор на Банката е должен веднаш да ја извести Народната банка.

6) За наодот од т.4 алинеа 5 Надзорниот одбор на Банката е должен веднаш да ја извести Народната банка, доколку наодите имаат значително влијание врз финансиската состојба на Банката.

7) Член на Управен одбор е должен веднаш да го извести Надзорниот одбор ако тој или со него поврзани лица стекнат контрола во друго правно лице.

Управниот одбор може одредени овластувања, што произлегуваат од правата на застапување и претставување на банката во земјата и девизни работи во земјата и странство, да ги пренесе на лице со посебни права и одговорности и други стручни работници на Банката, со посебна одлука.

Управниот одбор на банката може да овласти лице со посебни права и одговорности или работници, со посебна одлука, за склучување на договори и потпишување на поединечни акти на Банката.

Лицата овластени од претходниот став на овој член, дадените овластувања не можат да го пренесуваат на други работници, без согласност на Управниот одбор.

Управниот одбор на Банката донесува решенија, упатства и други акти за начинот на потпишувањето, парафирањето на актите и овластувањата за потпишување на актите.

Управниот одбор на Банката може да овласти други лица вработени во Банката да ја претставуваат и застапуваат Банката за одредени работи, освен оние кои се во исклучива надлежност на Управниот одбор на Банката. Управниот одбор на Банката за одредени работи може да овласти Банката да ја застапуваат и други стручни работници на Банката.

Со решение на Управниот одбор на Банката се утврдуваат и овластувањата за потпишување на поединечни акти на Банката. Лицата овластени со Решение на Управниот одбор на Банката, дадените овластувања не можат да ги пренесуваат на други лица без согласност на Управниот одбор.

### *Член 67*

1. Управниот одбор се состанува по потреба, кога тоа го налага извршувањето на работите во рамките на неговите надлежности.

2.Претседателот на Управниот одбор ги свикува и ги води состаноците на Управниот одбор и ги утврдува/одобрува дневните редови за состаноците.

Темите за кои треба да се дискутира на состаноците на Управниот Одбор може да бидат предложени од страна на Претседателот или членот на Управниот одбор, Претседателот или членовите на Надзорниот Одбор и на Одборот за Ревизија, Раководителот на Службата за Внатрешна Ревизија, работниците со посебни права и одговорности.

Состаноците на Управниот одбор се свикуваат со покана во електронска форма испратена по електронска пошта, а поканата за свикување на состанокот може да се соопшти преку телефон.

Во поканата се наведува денот, часот и местото на одржување на состанокот и предлогот на дневниот ред.

Поканата со предлогот на дневниот ред, заедно со сите подготвени материјали, се доставуваат до членовите на Управниот одбор и другите лица кои се повикуваат да учествуваат во работата на Управниот одбор во електронска форма.

Материјалите со поканата и дневниот ред се доставуваат најдоцна еден ден пред одржување на состанокот.

По исклучок, материјалите може да се доставаат и на денот на одржување на состанокот или на самиот состанок, доколку нивното разгледување и одлучување по истите е неодложно.

Управниот одбор може да одржува состаноци и со присуство на лица со посебни права и одговорности кои ќе се повикуваат во зависност од темите за кои ќе се дискутира на состанокот.

Претседателот на Управниот одбор може по потреба да повика и други лица да присуствуваат на состанокот на Управниот одбор.

3. Состанокот на Управниот одбор го отвора и со него раководи Претседателот на Управниот одбор.

По отворањето на состанокот, Претседателот утврдува дали има кворум за полноважно одлучување.

Управниот одбор може да работи и полноважно да одлучува ако на состанокот се присутни двајцата членови на Управниот одбор.

Гласот на претседателот на Управниот одбор е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

На состаноците на Управниот одбор се расправа и одлучува по точките ставени на дневниот ред кој се утврдува на почетокот на состанокот. При утврдувањето на дневниот ред за состанокот се имаат во предвид и материјали кои се предложени на денот на одржување на состанокот или на самиот состанок на Управниот одбор.

Управниот одбор може да одлучи разгледувањето и одлучувањето по поединечно барање или по одделно прашање од надлежност на Управниот одбор да се одложи заради проучување и доставување материјали за нареден состанок.

По отворање на состанокот, записникот од претходниот состанок се става на усвојување.

Ако на записникот има забелешки, записникот се усвојува со усвоените забелешки кои се внесуваат во записникот на состанокот кога се усвојува записникот.

Разгледувањето и одлучувањето по материјалите по правило се врши според редоследот во усвоениот дневен ред.

Расправата се води по точката од дневниот ред се додека истата не се исцрпи (заврши).

Право на учество во расправата имаат само членовите на Управниот одбор, а останатите присутни лица само ако е потребно да дадат појаснување по одделни прашања од материјалите заради кои се повикани.

По завршувањето на расправата по точката од дневниот ред, Претседателот на Управниот одбор ја заклучува расправата и го формулира предлогот за кој треба да се гласа, а кој мора да биде јасно формулиран.

По извршеното гласање Претседателот ги утврдува резултатите од гласањето и констатира дали актот или одлуката е донесена или не е донесена.

Членот на Управниот одбор има право неговото мислење или став во врска со предлогот кој се разгледува или по кој се гласа да бара да се внесе во записникот.

Донесените одлуки и акти ги потпишува Претседателот на Управниот одбор.

Претседателот на Управниот одбор ги потпишува и предлозите и извештаите што Управниот одбор му ги поднесува на Надзорниот одбор на Банката.

Одлуките и актите донесени од Управниот одбор влегуваат во сила со денот на донесувањето, а може да се одлучи денот на нивната примена да се разликува од датумот на влегување во сила, само не ретроактивно.

4.Членовите на Управниот одбор го напуштаат состанокот и не учествуваат во донесување на одлуки доколку е доведена во прашање нивната објективност, заради постоење судир на интереси.

Во случај на постоење на судир на интереси, членовите на Управниот одбор, пред одржување на состанокот, даваат писмена изјава до Надзорниот одбор во која се наведува основот од кој произлегува судирот помеѓу нивниот личен интерес и интересот на Банката.

5. Управниот одбор може да одржи состанок, односно членовите на Управниот одбор можат да учествуваат и одлучуваат на состанок, организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираниот состанок можат да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг. Учеството на ваквите состаноци се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на овој начин. Учеството на состанокот се запишува во записникот кој се изготвува, а кој го потпишуваат сите членови што учествувале на состанок организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема.

6. Управниот одбор може да одлучува и без одржување состанок ако членовите на Управниот одбор дадат согласност за одлуката или актот коишто се донесува без одржување состанок. За донесените одлуки и акти се подготвува записник во којшто истите се евидентираат. Записникот го потпишува Претседателот на Управниот одбор најдоцна во рок од 30 дена од денот на давањето согласност за одлуката или актот коишто ги донеле без одржување состанок. Донесените одлуки и акти влегуваат во сила со денот на давањето на согласност од страна на членовите на Управниот одбор, освен ако во одлуката или актот не е утврден друг момент на влегување во сила. Давањето на согласноста може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлогот на одлуката, односно на предлогот на актот.

7. Управниот одбор може вон состанок да носи поединечни Одлуки, Наредби, Решенија и други поединечни акти за уредување на прашања од тековното работење на Банката.

8. За работата на Управниот одбор се води записник. Во записникот се внесуваат податоци за времето и местото на одржување на состанокот, имињата на присутните членови, имињата на членовите кои гласањето ќе го извршат по писмен пат преку телефакс или на друг начин, имињата на отсутните членови, имињата на другите присутни на состанокот, усвоениот дневен ред, актите, одлуките, заклучоците донесени на состанокот, како и издвоените мислења ако тоа го бара членот на Управниот одбор.

Записникот го потпишува Претседателот на Управниот одбор. Записникот се доставува на членовите на Управниот одбор и на другите лица кои присуствувале на состанокот во електронска форма испратен по електронска пошта. Записникот се става на усвојување на наредната седница на Управниот одбор како прва точка од дневниот ред.

### *Член 67-а*

„Начинот и постапката на работењето на Управниот одбор се регулираат поблиску со овој Статут и Деловникот за работа на Управниот одбор на Банката.

## СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

### *Член 68*

Надзорниот одбор на Банката организира Служба за внатрешна ревизија како независен организационен дел на Банката.

Организационата поставеност, правата, одговорностите и односите со другите организациони делови на Банката, како и одговорностите и условите за назначување на раководител на Службата за внатрешна ревизија ги уредува Надзорниот одбор на Банката.
Лицата во Службата за внатрешна ревизија се вработени во Банката и извршуваат работи само на Службата. Најмалку еден од лицата вработени во Службата е овластен ревизор.

**_Член 69_**

Службата за внатрешна ревизија врши постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Банката преку:

- оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- оценка на спроведувањето на политиките за управување со ризиците;
- оцена на поставеноста на информативниот систем;
- оцена на точноста и веродојноста на трговските книги и финансиските извештаи;
- проверка на точноста, веродостојноста и навременоста на известувањето согласно прописите;
- следење на почитувањето на прописите, етичкиот кодекс, политиките и процедурите;
- оцена на системите за спречување на перење на пари и
- оцена на услугите што Банката ги добива од друштвата за помошни услуги на Банката.

**_Член 70_**

Службата за внатрешна ревизија изготвува годишен план за работа на службата, што го одобрува Надзорниот одбор на Банката.

Во планот од ставот 1 на овој член задолжително се наведува предметот на ревизија со опис на содржината на планираната ревизија во одделни области и распоред на контролите во текот на годината со планирано времетраење за спроведување на контролите.

**_Член 70-а_**

Службата за Внатрешна ревизија е должна за своето работење да изработи полугодишен и годишен извештај и да ги достави до Надзорниот одбор, Управниот одбор и Одборот за ревизија на Банката.

Полугодишниот и годишниот извештај треба да содржат:

- опис на извршените ревизии на работењето на Банката;
- оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- наоди и предложени мерки на Службата за внатрешна ревизија
- оцена на спроведувањето на мерките предложени од страна на Службата за внатрешна ревизија;

Годишниот извештај треба да содржи и

- оцена за реализацијата на поставените цели со годишниот план за работа;
- оцена за планираното време за контрола и евентуалното отстапување и
- информации за извршени други активности.

Надзорниот одбор е должен да го достави Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија до Народната банка.

**_Член 71_**

Службата за внатрешна ревизија е должна веднаш да го извести Надзорниот одбор и Управниот одбор доколку во текот на контролата утврди:

- непочитување на стандардите за управување со ризиците поради што постои можност за нарушување на ликвидноста или солвентноста на Банката и

- дека Управниот одбор не ги почитува прописите, општите акти и интерните процедури на Банката.

## КОНТРОЛА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА РАБОТЕЊЕТО НА БАНКАТА СО ПРОПИСИТЕ

### *Член 72*

Управниот одбор на Банката е должен да именува лице или да организира служба за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите.

Лицето или службата од ставот 1 на овој член е одговорно за идентификација и следење на ризиците од неусогласеноста на работењето на Банката со прописите. Под ризик од неусогласеност со прописите се смета особено, но не исклучиво, ризикот од изречени мерки од страна на Народната банка, од финансиски загуби и репутациски ризик како последица на пропусти во усогласување на работењето на Банката со прописите.

Лицето или службата ги извршува единствено работите од ст.2 на овој член и е самостојно во извршување на работите од негова надлежност.

Лицето односно раководителот на службата од ставот 1 на овој член за својата работа поднесува месечен извештај до Управниот одбор на Банката и полугодишен извештај до Надзорниот одбор на Банката.

## ДРУГИ ОРГАНИ НА БАНКАТА

### Кредитен одбор

### *Член 73*

Кредитниот одбор го сочинуваат 5 /пет/ членови и 5 /пет/ заменици членови, кои ги именува Надзорниот одбор на Банката.

Кредитниот одбор го сочинуваат: Претседателот на Управниот одбор, членот на Управниот одбор, директорот на Секторот за комерцијално банкарство, директорот на Секторот за стратешко банкарство, директорот на Секторот за правни работи и проблематични пласмани.

Со одлука за именување на членови на Кредитниот одбор се именуваат и заменици членови на Кредитниот одбор од редот на лицата со посебни права и одговорности или останати лица кои ги заменуваат членовите во нивно отсуство.

Мандатот на членовите и замениците членови на Кредитниот одбор се определува со одлуката за нивно именување.

Членовите на Кредитниот одбор од своите редови избираат Претседател.

Кредитниот одбор, донесува одлуки, заклучоци и препораки.

Кредитниот одбор ги врши следните работи:

1. Одлучува по поднесени барања од правни и физички лица за одобрување на кредити, акредитиви, гаранции и други видови изложености во рамките на лимитите утврдени со прописите и актите на Банката,
2. Донесува Одлуки за измена и дополнување на Одлуката за висината на каматните стапки што ја врши ТТК Банка АД Скопје и на Тарифата за надоместоците на услуги што ги врши ТТК Банка АД Скопје и за постојни и при воведување на нови производи и услуги;
3. Врши продолжување на рокот на достасување на побарувањата два и повеќе пати за изложеност која ја одобрил согласно своите надлежности во процесот на кредитно одлучување, и го доставува на верификација до Одборот за управување со ризици;
4. Го верификува продолжувањето на рокот на достасување на побарувањата два и повеќе пати што било одобрено од другите нивоа на кредитно одлучување и најмалку еднаш во месецот до Одборот за управување со ризици доставува Извештај за побарувањата кај кои е извршено продолжување на рокот на достасување во текот на претходниот месец;

5. Донесува Одлука за реструктуирања на побарувања и најмалку еднаш во месецот до Надзорниот одбор на Банката доставува Извештај за реструктуирани побарувања во текот на претходниот месец;
6. Други работи утврдени со прописите и актите на Банката.

Кредитниот одбор се состанува најмалку еднаш неделно.

Седниците на Кредитниот одбор ги свикува и со нив раководи Претседателот на Кредитниот одбор.

Председателот на Кредитниот одбор врз основа на доставениот предлог од Секретарот на Кредитниот одбор го утврдува предлогот на дневниот ред за седниците.

Ако Претседателот на Кредитниот одбор од било кои причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, седницата ја свикува и на истата претседава првиот заменик член именуван со Одлуката на Надзорниот одбор, или заменик член на Кредитниот одбор кој Претседателот ќе го овласти да го заменува во негово отсуство.

Свикувањето на седницата на Кредитниот одбор се врши со писмена покана која ја потпишува Претседателот на Кредитниот одбор, или со покана во електронска форма испратена по електронска пошта. Во итни случаи, поканата за свикување на седницата може да се соопшти преку телефон.

Во поканата се наведува денот, часот и местото на одржување на седницата и предлогот на дневниот ред.

Поканата со предлогот на дневниот ред, заедно со сите подготвени материјали, се доставуваат до членовите на Кредитниот одбор и другите лица кои се повикуваат да учествуваат во работата на Кредитниот одбор.

Седницата на Кредитниот Одбор ја отвора и со неа раководи Претседателот на Кредитниот одбор.

По отворањето на седницата, Претседателот утврдува дали има кворум за полноважно одлучување.

Кредитниот одбор полноважно расправа и одлучува ако на седницата се присутни сите членови на Кредитниот одбор, или во отсуство на некој член, присуствува заменик член.

Доколку на седницата на Кредитниот одбор нема мнозинство за полноважно одлучување соглано, седницата се одложува и се свикува во рок не подолг од 2 дена од денот на одложувањето. Претседателот на Кредитниот одбор, во договор со присутните членови на Кредитниот одбор, може веднаш да го одреди времето за одржување на нова седница, за што се известуваат неприсутните членови на Кредитниот одбор. Неприсутниот член ако не може да присутвува и на ново закажаната седница, должен е за истата да обезбеди присуство на заменик член на Кредитниот одбор.

Кредитниот одбор одлуките ги донесува едногласно/со согласност на сите членови.

Кредитниот одборот на предлог на Претседателот, пред почетокот на седницата го утврдува дневниот ред за седницата.

На седница на Кредитниот одбор се расправа и одлучува по точките ставени на дневен ред на седницата.

Дневниот ред за седницата на Кредитниот одбор може да се измени или дополни и на самата седница на Кредитниот одбор.

Кредитниот одбор може да одлучи разгледувањето и одлучувањето по поединечно барање или по одделно прашање од надлежност на Кредитниот одбор да се одложи заради проучување и доставување материјали за наредна седница.

Разгледувањето и одлучувањето по материјалите по правило се врши според редоследот во усвоениот дневен ред.

Расправата се води по точката од дневниот ред се додека истата не се исцрпи (заврши).

Право на учество во расправата имаат само членовите на Кредитниот одбор, а останатите присутни лица само ако е потребно да дадат појаснување по одделни прашања од материјалите заради кои се повикани.

По завршувањето на расправата по точката од дневниот ред, Претседателот на Кредитниот одбор ја заклучува расправата и го формулира предлогот за кој треба да се гласа, а кој мора да биде јасно формулиран.

По извршеното гласање Претседателот ги утврдува резултатите од гласањето и констатира дали одлуката или актот се донесени или не се донесени.

Членот на Кредитниот одбор има право неговото мислење или став во врска со предлогот кој се разгледува или по кој се гласа да бара да се внесе во записникот.

Донесените одлуки ги потпишуваат сите членови на Кредитниот одбор кои присуствувале на седницата, односно учествувале во нивното донесување без одржување на седница, а во случај на постоење на судир на интереси, од потпишување е исклучен членот на Кредитниот одбор кој имал судир на интереси.

Известувањата и Ивештаите кои се доставуваат до други органи на Банката ги потпишува Претседателот на Кредитниот одбор.

За работата на Кредитниот одбор се води записник.

Записникот го води Секретарот на Кредитниот одбор.

Во записникот се внесуваат податоци за времето и местото на одржување на седницата, имињата на присутните членови и на заменик членот кој заменува отсутен член на Кредитниот одбор, другите присутни на седницата, усвоениот дневен ред, одлуките, актите, извештаите, мислењата, заклучоците и препораките донесени на седницата, причините за недонесување на предложена одлука или акт, како и издвоените мислења ако тоа го бара членот на Кредитниот одбор.

Записникот го потпишува Претседателот на Кредитниот одбор или заменикот кој ја водел седницата.

**Одбор за управување и надгледување на информативна технологија**

**_Член 74_**

Надзорниот одбор на Банката го формира Одборот за управување и надгледување на информативна технологија како орган на Банката.

Одборот за управување и надгледување на информативна технологија се состои од 7 членови, и го сочинуваат: Членовите на Управниот одбор, како и членови кои со одлука ќе ги назначи Надзорниот одбор на Банката од вработените во Сектор за ИТ и позадински обработки, Сектор Комерцијално банкарство и ОСИС.

Мандатот на членовите на Одборот се определува со Одлуката за нивно именување.

Во работата на Одборот учествува и претставник на Службата за Внатрешна ревизија, без право на глас при одлучување.

Членовите на Одборот за надгледување на информативна технологија треба да имаат добро познавање за основните и напредните можности на информативната технологија, како и на процедурите и упатствата за информативната технологија.

Одборот за управување и надгледување на информативна технологија работи на седници.

**Член 74-а**

Одборот за управување и надгледување на информативна технологија ги врши следните работи:

- Да одлучува и да го набљудува развојот и имплементацијата на стратешките ИТ планови и осигурува дека истите се конзистентни со бизнис стратегијата;
- Да одлучува и да го одобрува портфолиото на проекти во ИТ;
- Да ги набљудува извршувањата на главните ИТ проекти, вклучително да дава и приоритети на проектите, набавките и развојот на нови системи, одржувањето на постојните системи и закоските барања и измени;
- Да одлучува за ИТ буџетот и ИТ целите;
- Да ја набљудува адекватноста на ИТ ресурсите во смисла на луѓе, опрема и обезбедувачите на ИТ сервиси и дава крајна одлука во случај на неусогласеност помеѓу понудата и побарувачката;
- Ги ревидира ИТ проектите кои имаат значителен трошок или кои се од голема стратешка важност;

- Решава по основ на големи ИТ прашања и прави "trade-off " одлуки, односно го фокусира работењето на ИТ на позначајните проекти за Банката за сметка на помалку значајните кои привремено ги одложува или трајно ги откажува, во случаите кога има поголем број на предложени проекти и кои неможат истовремено да се реализираат согласно условите и расположливите ресурси;
- Го следи квалитетот на ИТ услугите и задоволството на клиентите.

***Член 74-б***

Поблиски одредби за работата на Одборот за управување и надгледување на информативната технологија се утврдуваат со Деловникот за работа на Одборот за управување и надгледување на информативна технологија.

## СОВЕТОДАВНИ И СТРУЧНИ ТЕЛА

***Член 75***

За остварување на своите права и обврски Управниот одбор може да формира колегиум и постојани и привремени комисии и други тела како советодавни органи.

Составот и надлежноста на постојани и привремени комисии и други советодавни тела ги определува Управниот одбор со актот за нивно основање.

***Член 76***

Советодавните и стручни тела му помагаат во работата на Управниот одбор на Банката.

На седниците на Советодавните и стручни тела може да бидат повикани и други раководни, стручни и други работници.

Советодавните и стручни тела ги разгледуваат сите прашања од работата на Банката, за кои Управниот одбор ќе најде дека треба да бидат разгледани.

## ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ

***Член 77***

Како лица со посебни права и одговорности, назначени од Управниот одбор на Банката се сметаат: директор на сектор, заменик директор на сектор, директор на дирекција, директор на филијала, раководител на служба за внатрешна ревизија, раководител на служба за контрола на усогласеноста на работењето со прописите, ОСИС-лице за безбедност на информативниот систем и компанискиот секретар-раководител на Секретаријат.

***Член 78***

Правата и обврските на лицата со посебни права и одговорности во Банката освен лицата за кои е посебно уредено со закон и овој Статут, се уредуваат со договор кој го склучуваат лицето и Управниот одбор во име на Банката, а го потпишува Претседателот на УО на Банката.

Мандатот на лицата со посебни права и одговорности трае (4) четири години.

***Член 78-а***

На лицата со посебни права и одговорности во Банката освен лицата за кои е посебно уредено со закон и овој Статут, својството на лице со посебни права и одговорности им престанува и пред истекот на мандатот во следните случаи :

- по нивно барање;
- по сила на закон и
- со отповикување од страна на Управниот одбор на Банката.

### *Член 78-б*

Делокругот на работа, правата и обврските и надлежностите на лицата со посебни права и одговорности освен лицата за кои е посебно уредено со закон и овој Статут подетално се уредуваат со актот за внатрешна организација и систематизација на работните места, договорот за работа и интерен акт со кој се утврдуваат правата, одговорностите и надлежностите на лицата со посебни права и одговорности.

Лицата со посебни права и одговорности освен лицата за кои не е посебно уредено со закон и овој Статут, имаат овластување за целосно водење на работите и работењето на организационите единици со кои управуваат, односно ги усогласуваат и координираат работите на вработените за чија активност и работење се задолжени.

### *Член 78-в*

Лице со посебни права и одговорности во банка задолжително треба да има соодветно високо образование и познавање на прописите од областа на банкарството и/или финансиите, да ги познава правилата за добро корпоративно управување и да има соодветно искуство кое обезбедува сигурно и стабилно управување со банката.

### *Член 78-г*

Лице со посебни права и одговорности во Банката не може да биде лице:

1.член на Советот на Народната банка;

2.вработено во Народната банка;

3.на кое му е изречена прекршочна санкција, или казна забрана за вршење професија, дејност или должност;

4.кое не поседува репутација со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на Банката.

5.кое не ги почитува одредбите од овој Закон и прописите донесени врз основа на овој Закон и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките изречени од Гувернерот, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на Банката;

6.член на Надзорен одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија и Управен одбор на друга банка или вработен во друга банка или

7. кое извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во банка или друго правно лице во кое била воведена администрација или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка, освен доколку недвосмислено, врз основа на расположливите документи и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување на администрација, стечајна или ликвидациона постапка или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои довеле до воведување на администрација, отворање на стечај или спроведување на ликвидациона постапка.

За лице кое не поседува репутација ќе се смета и лице кое е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата

### *Член 78-д*

Лицата со посебни права и одговорности се должни да работат единствено во интерес на Банката и на нејзините депоненти и да постапуваат со внимание на уреден и совесен трговец.

Доколку лицата со посебни права и одговорности утврдат дека одлуката на органите на Банката е спротивна на закон или на друг пропис донесен врз основа на Закон или дека според својата содржина е таква што може да ја загрози ликвидноста на Банката и нејзината стабилност и сигурност се должни за ова писмено да го известат Надзорниот одбор и Народна банка.

## РАКОВОДНИ И ОДГОВОРНИ ЛИЦА НА ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ И ДЕЛОВИ

### *Член 79*

Раководните и одговорните лица на организационите единици и делови ги именува Управниот одбор на Банката под услови кои се предвидени во актите за организација и систематизација на работните места во Банката.

## РАБОТНИЦИ НА БАНКАТА

### *Член 80*

Работниците на Банката ги остваруваат своите права и обврски согласно Законот, Колективниот Договор и општите акти на Банката.

### *Член 81*

Поединечните акти со кои поблиску се регулираат правата, обврските и одговорностите на работниците ги донесува Управниот одбор на Банката, ако со Законот, Колективниот договор и овој Статут не е поинаку определено.

## ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ И ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ И НА ДРУГИ АКТИ НА БАНКАТА

### *Член 82*

Основачки акти на Банката се Одлуката за основање на Банката и Статутот на Банката.

Останатите акти на Банката не смеат да бидат спротивни на Статутот на Банката.

### *Член 83*

Статутот на Банката го донесува Собранието на Банката на предлог на Надзорниот одбор на Банката.

Измените и дополнувањата на Статутот на Банката се вршат по постапка како што е и донесен Статутот.

### *Член 84*

Предлогот на актите, кои со овој Статут е предвидено да ги донесува Надзорниот Одбор на банката ги предлага Управниот одбор или друг орган одреден од Надзорниот Одбор

Измените и дополнувањата на актите кои ги донесува Управниот одбор на банката се вршат по иста постапка како за нивното донесување, согласно законските прописи и подзаконските акти на НБРМ.

### Член 85

Поединечните акти на Банката согласно законските прописи, овластувањата од овој Статут ги донесува соодветниот орган на Банката.

Управниот одбор на Банката донесува поединечни акти на Банката врз основа на законските овластувања, овластувањата на овој Статут и други општи акти на Банката.

Управниот одбор на Банката може да запре од извршување поединечен акт на Банката што го донел овластен орган на Банката доколку е спротивен на одредбите од Статутот и законските прописи.

## БАНКАРСКА ТАЈНА

### Член 86

Документите, податоците и информациите кои се стекнати при вршење на банкарски и други финансиски активности за поединечни лица и трансакции со поединечни лица, како и депозити на поединечни лица преставуваат банкарска тајна која Банката е должна да ја заштити и чува.

Лицата со посебни права и одговорности, акционерите и вработените во Банката, како лицата кои преку давање на услуги на Банката имаат пристап до документите, податоците и информациите од ставот 1 на овој член се обврзани да ги чуваат, можат да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица.

За лицата со посебни права и одговорности, акционерите и вработените во Банката, обврската за чување на банкарската тајна не се однесува во случаите кога со закон е пропишано објавување на податоците и информации, кога поединечното лице дало писмена согласност за откривање на податоците, и во другите случаи утврдени со закон.

### Член 87

Обврската за чување на банкарската тајна продолжува и по престанокот на работниот однос, односно по престанокот на основот и статусот врз основа на кој е остварен пристап до податоците кои се сметаат како банкарска тајна.

## СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

### Член 88

Лицата со посебни права и оговорности се должни редовно на секои шест месеци, да дадат писмена изјава за постоење или непостоење судир на нивниот личен интерес со интересот на Банката

Под личен интерес на лицата од претходниот став се подразбираат и интересите на поврзаните лица со нив.

Лицата со посебни права и одговорности не смеат да присуствуваат при разгледувањето и донесувањето одлуки, да склучуваат договори или да вршат други деловни активности доколку нивната објективност е доведена во прашање заради постоење на судир помеѓу нивниот личен интерес и интересот на Банката.

За постоење на судир на интереси се дава писмена изјава и пред одржување на состанокот за разгледување и донесување на одлуки, склучување на договори или вршење на друга деловна активност.

Писмената изјава за постоење судир на интереси се доставува до Надзорниот одбор и до Управниот одбор на Банката и во неа се наведува основот од кој произлегува судирот помеѓу личниот интерес и интересот на Банката.

## ИНФОРМИРАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

### *Член 89*

Органите на управување на Банката се должни да обезбедат соодветно информирање за работата на Банката, на акционерите на Банката, на странските банки со кои соработува Банката, на вработените во Банката, и на други засегнати субјекти.

Формата, содржината, роковите и начинот и на информирањето, се уредуваат со посебен општ акт што го донесува Управниот одбор на Банката.

Банката е должна навремено и соодветно да ја известува НБРМ како и да доставува извештаи и податоци на утврден начин, форма, содржина и рокови за активности предвидени во законските прописи.

## ОДБРАНА И ЗАШТИТА

### Член 89-а

Во областа на одбраната и заштитата, Банката ги врши задачите и работите определени од надлежните органи во согласност со Уставот, Законот и другите прописи од областа на одбраната и заштитата.

## ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВАТА СРЕДИНА

### *Член 90*

Банката се грижи за заштита и унапредување на човековата средина.

Во извршувањето на кредитните работи, банката ќе цени дали од кредитираната опрема и објектите се загадува човековата средина.

Со интерните акти на Банката поблиску ќе се регулираат критериумите на Банката за заштита на човековата средина.

## НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ МЕГУ АКЦИОНЕРИТЕ НА БАНКАТА

### *Член 91*

Споровите мегу акционерите на Банката се решаваат спогодбено, со посредување на Надзорниот одбор на банката.

Споровите мегу акционерите на Банката кои не ќе можат да се решаваат спогодбено, ќе се решаваат по арбитражен пат, а доколку не можат да се решаваат ни по арбитражен пат, ќе се решаваат по судски пат.

## ТРАЕЊЕ И ПРЕСТАНУВАЊЕ СО РАБОТА НА БАНКАТА

### *Член 92*

Банката се основа на неодредено време.

Банката престанува да работи:

- ако не постои економски интерес за нејзино натамошно работење, односно ако не се обезбедуваат целите за кои е основана,
- кога ќе настанат условите предвидени со Закон, и
- ако се извршат статусни измени.

Под статусни измени се подразбира спојување на Банката со друга банка или поделба на Банката на повеќе самостојни банки.

Одлука за статусна измена и за престанување со работа на Банката од став 2 алинеа 1 и 3, донесува Собранието на Банката со 2/3 (двотретинско) мнозинство од акциите со право на глас присутни на Собранието.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

*Член 93*

Со денот на примената на овој Статут, престанува да важи Пречистениот текст на Статутот на ТТК Банка АД Скопје бр.02-3320/2 од 3.4.2017 година.

*Член 93-а*

За се што не е предвидено со овој Статут, ќе се применуваат одредбите од прописите кои ја уредуваат соодветната проблематика.

*Член 94*

Автентично толкување на Статутот дава Собранието.

*Член 95*

Овој Статут произведува правно дејство со уписот во трговскиот регистар.

**Надзорен Одбор на ТТК Банка АД Скопје**

Претседател:

М-р Глигорие Гоговски ____________

Членови:

Борислав Трповски ____________

Тито Беличанец ____________

Методија Несторовски ____________

Арсен Јаневски ____________

Златко Черепналкоски ____________